**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Осумдесет и третата Седница на Собранието на Република Македонија**
**Одржана на 25 септември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија со почеток во 12,30 часот.

На седницата претседаваше г. Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека во салата се присутни 61 пратеник, со што се исполнети услови за започнување со работа.

Има збор г. Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Имено, јас очекував од предлагач дека нешто ќе стори во тој правец, а тоа е да се повлече точката од дневен ред, дека ќе се премисли од причини што изгледа дека ние паралелно расправаме за две прашања кои го исклучуваат едното од другото, а тоа е работата околу уставните промени, и втората можна верзија за суспендирање на тие промени од причина што ако одржувате референдум тоа значи дека после може да се случи да имате одговор поинаков од текот што досега работеше Собранието и ќе работи понатаму, и што е резултат на договорот помеѓу четворицата лидери на политичките партии, претседателот на Државата и двајцата меѓународи посредници.

Но, тоа е прашање на предлгачот зошто тој инсистира и понатаму на оваа точка и дали докрај ќе инсистира на оваа точка и што е реланата цел.

Мислам и посакувам ова Собрание да не продолжува понатаму во стилот на Хајпарк, или игри без граници од причина што со тоа ние се девалвираме само како поединци, како претставници на граѓаните, како пратеници, туку се девалвираме и како институција што веќе по кој знае кој пат докажува дека не е на ниво на неговото својство и улога, уставна итн.

Мислам дека основен проблем тука не е тоа дали треба да се има референдум за изјаснување на граѓаните или не, туку прашањето е дали ние и нашите структури, политички и институционални имаат капацитет, имаат одговорност и политичка култура да се справат со состојбите со кои се соочуваме секој ден вклучувајќи го и ова прашање. Имено, конфликти, проблеми се појавуваат и постојат во сите држави во светот, па дури и во тие што се декларираат како најдемократски држави во светот и се најдемократски држави, меѓутоа, сепак тие држави имаат свои механизми, политички, па имаат и правни механизми каде фактички ги апсорбираат тие проблеми, ги решаваат на демократски начин, на човечки начин. Тука е прашање тоа што ние го немаме односно дали го имате. Ако ние го немаме тој механизам, ако ги немате тие политички механизми, па и правни механизми, тогаш практично конфликтите ќе ни се акумулираат и како такви ќе ни се појавуваат во најжестока форма како експлозивни, кои потоа бараат поинакво решение, радикално, чувствително, емоционално, итн.

Редовно проблемите се појавуваат како политички проблеми, а не правни проблеми и ние да имавме политичка традиција и политичка култура како да се справиме со овој проблем, веројатно ќе беше полесно, немаше да има никакви проблеми, меѓутоа, тоа го немаме, и кога тоа го немаме сакаме и бараме правни механизми, кои уште повеќе ги немаме и тогаш се завршува во апсурд и хаос. Еден од хаосите е тоа што моментално го имаме ние тука. Зошто сакав да повлечам линија помеѓу правните и политичките механизми.

Државите со подолготрајна демократска традиција имаат симболични правни механизми. Еве на пример Уставот на САД, тој е еден многу мал Устав, исклучувајќи ги дистанциите на судиите кои имаат од прилика улога на нашиот Уставнен суд, меѓутоа со тој Устав функционира една цела многу комплицирана машинерија на перфектен начин. Или пак Англија, воопшто нема устав, тие функционираат според некои нивни пресиденс-правила, од случај до случај ако се докажат како корисни се употребуваат и понатаму. Не случајно државите кои немаат развиена свест и развиена култура за демократија имаат и поголеми Устави. Имено бивша СФРЈ имаше Устав кој имаше повеќе од 400 члена, а кај уставите кај тогашните Републики и Покраини, а и на многу социјалистички држави од причина што се сакаше да се најде покритие за сите можни конфликти што се појавуваат и кои треба да се решаваат. Знаејќи дека политичката култура или е сконцентрирана во одделна структура која исто така е проблематично да се решава помеѓу поединци или пак луѓето немаа таква култура да ги решаваат и затоа се инсистира работите да се решаваат со

право за да можат правните механизми да ги решаваат овие прашања.

Меѓутоа, кај нас во Македонија, при наши услови јас верувам и да направиме некој Устав кој ќе има 5000 члена сепак тешко да се најде Устав кој може да ги покрие сите наши глупости кои можеме ние да ги измислуваме тука и сепак тука ќе имаме политички проблеми. Затоа мислам е еден процес кој е неминовен и можеме да придонесеме да се забрза тој процес бидејќи развојот на демократската култура е процес. Тоа не може преку ноќ, меѓутоа политичките структури, политичкиот фактор може тој процес да го забрза и така тој да биде пократок. Но, сега ние импровизираме, еве работиме на Уставот и изгледа дека постои некој консензус помеѓу релевантните политички партии, меѓутоа дали тој политички консензус е природн и реален или пак е политички консензус кој е наметнат и не е природен од самиот факт што тој е резултат на некој притисок, а тој притисок е од страна на Меѓународната заедница.

Сега во суштината на темата. Мислам дека предлагачите повнимателно ќе ме слушаат посебно во делот што сега ќе го кажам за референдумот, а тоа е дали референдумот секогаш е демократски инструмент за решавање на проблемот. Не е. Не е од причина што зависи што сакате да постигнете со референдум, која е целта, што е предмет на референдумот, на кој начин сакате да го изведете тоа и како си го поставувате прашањето и на крај какви околности постојат во моментот кога одржувате, зошто ова го кажувам. Од причина што при ваквите состојби да се организира референдум каде практично ќе имаме одговор етнички, колективен одговор од страна на населението од кое една национална или етничка заедница ќе одговара 100% да, другата етничка заедница ќе одговара 100% не. Тука, каде е компромисот како опортун сегмент на решение за постојните промени. Тоа го немаме. Ако го нема тоа значи ние веќе произведуваме нов конфликт. Затоа мислам дека предлагачот би требало подлабоко да размисли за ова прашање. Имено, при ваква поларизација тешко дека референдумот ќе има позитивен исход.

И второ, во прилог на прашањето дека не секогаш референдумот е демократско средство. А тоа е дури ете и да измислуваме една држава моноетничка, еднонационална, и да се организира еден референдум, за некое прашање, икс прашање кое е витално прашање, и тука ќе ни се појави резултат 49% против и 51 % за. Тука нема компромис. Значи, тие што се изјаснуваат "за" се 51 %, добиваат се, тие што се изјаснуваат против 49% што е исто така скоро половина од населението се против, и не добиваат ништо, и не случајно еве имаат и Црногроците па и другите заедници во однос на прокламираните нивни референдуми за витални прашања, затоа што исходот е многу ризичен и многу опасен.

Второ, по однос на прашањето на референдумот што мислам е од витално значење, а е од прагматичен карактер, а тоа е: како прашањето ќе го поставуваме пред луѓето кои знаеме дека е една структура која е да кажеме 60% има само основно училиште завршено, друг процент има средно а од различни области како што може да е од технички науки, гимназија, економски смер итн. Еден мал процент кој можеби се правници и ги разбираат овие прашања. И како очекуваме ние од луѓето кои тоа не им е професија, немаат основно познавање за таа материја па да навлегуваат во суштината на амандманите, па да ги коментираат, па на крај да има свое мислење дали вреди да се гласа за тоа или не, затоа што тоа е многу логично прашање. И второ, дури тие можаат да гласаат, тие ќе гласаат, на гласањето ќе бидат емотивни а сводот на едно емотивно гласање е лошо, знам, и второ, дури и тој процент ете да кажеме 5% од луѓето имаат професионално познавање на оваа материја, па ќе знаат да ги прочитаат, да дадат коментари, значи целта. Дури и тој процент, тогаш ќе се појавува едно дополнително друго прашање, што тој процент што ја познава материјата се согласува со, колку имаме амандмани 18, од четири до 18, што ако тој се согласува со сите амандмани, ама со еден не се согласува. Како ќе гласа тој, за или против референдумот. А можеби сите други прашања му се допаѓаат и се во ред, според негово мислење, ама едно прашање не му се допаѓа и што да прави. Или две прашања не му се допаѓаат и сега треба да гласа за, а не му се допаѓаат одделни прашања. Или против да гласа, а му се допаѓаат одредени прашања. Затоа не е природно уставната материја да оди на референдумско изјаснување. Од правен аспект, сега се враќам, тоа е Уставот и Законот за референдум и граѓанска иницијатива.

Мислам дека законот е многу дециден и јасен од причина што уставната материја го сведува на ниво на прашање на граѓанска иницијатива, а не на референдумско изјаснување. Тоа е членот 9 на Законот за референдум и граѓанска

иницијатива. Тој предвидува дека како граѓанска иницијатива луѓето кои имаат право на глас, или можат да соберат 150 илјади потписи и потоа ќе наметнат предлог до ова Собрание, кое исто така може да каже за или против, дали да се оди на измени на Уставот или не.

Самиот факт што уставната материја е дел или компетенција на граѓанската иницијатива сметам дека работата е многу јасна.

И, ако сакаме на крајот да бидеме големи демократи, а тоа е добро да бидеме такви демократи, ние можеме да направиме еден друг референдум без техничко обележје, без технички елемент. Ајде ние да направиме референдум како да изградиме една заедница која ќе биде функционална од аспект на институциите, виталните институции на власт. Како да направиме институции кои ќе бидат имунизирани од партиските и лидерските влијанија, департизирани, како да направиме институција ова општество да биде имунизирано од корупцијата која ни е некаде милијарда долари, бидејќи тоа е многу поважно за луѓето, затоа што тоа е врзано за нивниот директен живот, непосреден живот, непосреден интерес од џеп. Луѓето бараат стандард, школување, вработување, итн., а се друго што можеме ние тука и ова прашање што се поставува овде е само ветер и магла. Затоа во ситуации кога практично пресметано просто математички по секој граѓанин на Република Македонија било да се работи за дете, жена, страрец или болен ние сме грабнале 1000 марки последниве две години. Четири члено семејство, петто члено семејство пактично земенин се од нив четири, односно пет илјади германски марки директно од нив. Дајте на ова прашање да поставиме референдум и тогаш ќе имаме поддршка, а тоа го имаме и како морална одговорност. Дајте тогаш Уставот комплетно во операцијона сала па да видиме што институции треба да градиме освен овие кои се наметнуваат како етнички прашања. Никој тога не го оспорува, меѓутоа ако се сака да се профитира политички, не правно мислам дека тоа не иде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално бара збор, Чедо Петров.

(Пратеникот Билал Лутфии реагира од место).

Чедо Петров па Билал Лутфии.

(Понатаму Билал Лутфии регира од место).

И двајцата рековте процедурално.

(Господинот Чедо Петров му кажува на претседавачот дека сака да зборува како предлагач).

Ве молам не е ред да го враќаме човекот од говорница, а јас не ве слушнав како процедурално.

Но, повелете процедурално г. Лутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Господине потпретседателе, барам да се обезбеди кворум затоа што ако се смета дека е значајно прашање тогаш треба да работиме со потребниот кворум во Собранието.

Барам да се пребројат колку пратеници има во салата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нека влезат пратениците кои не се тука.

Службите нека ги пребројат присутните пратнеици во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**
(Продолжение)

Ги молам другите колеги кои не се во салата да влезат. Видете што, ако сакаме да одиме на таа работа, ве молам сега. Не правете мечкина услуга, ќе доаѓаат и други фази на работење. Сега имаме кворум во овој момент и можеме да продолжиме. Има збор колегата Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Нова демократија останува при својот предлог за референдумско изјаснување на граѓаните на Република Македонија.

Од претходниот говорник беа наведени неколку, да не кажам демагошки убедувања за повлекување на оваа иницијатива. Со сета почит, ние имаме право на сопствено мислење, сопствени иницијативи. Меѓутоа, беше речено дали референдумот секогаш е демократски инструмент, бидејќи при вакви околности не треба да се оганизира референдум.

Почитувана господо, во вакви околности кога Република Македонија се наоѓа под терор, не требаше ни да отпочне расправата по уставни промени. Како претседател на Нова демократија сум и поддржувам иницијатива за уставни промени во едни други околности, се со цел и сосема свесни дека во Уставот на Република Македонија има простор да се доградува и да дојдеме до толку

очекуваното и посакуваното од нас граѓанско убедување, во кое што граѓанинот ќе биде во центарот на вниманието и дека граѓанинот ќе биде тој кој ќе одлучува. Не националностите, не како што ги нарекуваме тука групи, групации, за кои што станува збор во предлогот што отиде во амандманскиот дел.

Токму поради ова сакам да кажам дека постојано провејува размислувањето и во претходните говори дека е многу опасно, бидејќи воените дејствија ќе продолжат, *ќе* се обноват или не знам што. Повторувам и длабоко сум убеден дека со усвојување на вакви, какви што се дадени уставни промени, односно Рамковниот договор од Охрид, незадоволството кај македонскиот народ ќе остане големо. Од една страна македонците по етничка припадност ќе бидат незадоволни со убедување дека се предадени, дека капитулиравме, дека направивме огромна грешка во Охрид со потпишувањето на овој Рамковен договор, а од друга страна и албанските екстремисти ќе се чувствуваат дека ја предадоа големоалбанската идеја.

Токму поради тоа, во вакви услови, да не речам ненормални, треба да се запре и иницијативата за донесување на овие уставни промени, во кои што не успеавме. Тогаш треба да дадеме шанса на граѓаните на Република Македонија да се изјаснат за вака крупните промени што треба да настанат.

Ја користам оваа можност и на говорница да кажам дека поединечните заплашувања на поедини пратеници или на цели пратенички групи, девалвирањето на личности на највулгарен можен начин, како што тоа беше направено на А-1 телевизија пред некој ден, каде што сака да се девалвира личноста на Чедо Петров, кој е еден од иницијаторите на оваа Иницијатива за референдум целосно го негирам. До оваа телевизија денеска е поднесена тужба против госпоѓицата или госпоѓа Сабина Факиќ и против А-1 телевизија. Ноторните лаги нема да не заплашат, нема да не девалвираат, нема да дозволиме да поклекнеме под она што сум силно убеден. Наједноставно е да се повлечеме од било која позиција. Меѓутоа, денеска треба сите разумно и јас во овој период на дискусија каде имаме пријавено 50-тина дискутанти, целосно ќе ги следам дискусиите и сме согласни да сите пратенички групи, без разлика СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ПДП, ДПА, да седнеме и да искажуваме подготвеност да разговараме за формулацијата на референдумското прашање. Меѓутоа, граѓаните мора да се изјаснат по ова прашање на референдум. Благодарам.

(Пратеникот Сејфедин Харуни бара реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Никаде не сте спомнати.

(Пратеникот Сејфедин Харуни инсистира на реплика).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, повторно овде ни држи една мала лекција. И покрај тоа што неговата дискусија, претходна, кога даде отчет зошто неговата партија поднесе барање да се изјаснат граѓаните на Република Македонија на референдум, тој истото денеска ни го повторува непрекинато. А, не е храбар да каже дека Рамковниот договор донесен и потпишан во Охрид, потпишан во Скопје а донесен во Охрид, не смогнавте сили да кажете дека целта на референдумот е да се стави под сенка Рамковниот договор. А, воедно неколку пати повторува на говорница терор.

Па, му поставувам едно прашање: во Скопје имаме 19 експлозии само во тој дел каде се во мнозинство албанците во Република Македонија. Ниту еден немаме одговорен, ниту некој ја презел одговорноста. Сакам да му пренесам на господинот Чедо Петров, за жал и со овој предлог сака и понатаму хаосот да остане во Република Македонија, затоа што само нему и таквите слични во системот институции им е потребен хаосот.

Па затоа, да му овозможиме на системот и институциите да ги бркаат самите терористи што ги подготвува државниот терор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Чедо Петров бара реплика.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, мене навистина ми е жал што оваа иницијатива за референдумско изјаснување на граѓаните на Репбулика Македонија е протолкувана од еден дел од пратениците во ова Републичко Собрание како подметнување или како минирање на Рамковниот договор. Јас и Нова демократија не тврдиме дека овој Рамковен договор граѓаните нема да го изгласаат.

Ние само бараме граѓаните на Република Македонија да учествуваат во промените на темелите на Република Македонија. Да учествуваат граѓаните на Република Македонија во самоизбришувањето на македонскиот народ. Да учествуваат во измените во Преамбулата на Уставот на Репбулика Македонија. Мислам дека на тоа имаат право.

Многу ми е жал што ваква горчина искажа господинот Харуни. Но, тоа е ниво на секој од нас.

(Пратеникот Харуни бара реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни, ќе престане ова, кажавте што кажавте секој од вас.

Има збор Лазар Китановски.

Не е присутен. 0диме понатаму.

Има збор Абдула Алиу.

(Пратеникот Харуни инсистира на реплика).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине Чедо Петров, потписите дадени од четирите лидери на политичките партии во Република Македонија зборуваат сами по себе дека им се дава шанса на демократските сили на Република Македонија овој проблем да се реши. Се друго околу тоа и во тоа е само да се стави под сенка Мировниот договор постигнат помеѓу четирите лидери од политичките партии во Република Македонија. Јас не би согласил дека референдумот и што по него? Дали се плукне по потписот и по име и презиме на дадените потписи на политичките лидери, сосема зборува по себе дека не станува веќе збор за иницијатива што може, секако, овие проблеми да ги надмине. Напротив, со референдум, кризата и состојбата во Република Македонија ќе земе надолна линија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Чедо Петров има реплика.

Ова нека биде последно, ако одиме понатаму, нема да стасаме никаде.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Дозволете, јас и Нова демократија ги почитуваме потписите на четирите лидери, на четирите потписници таму на партиите. Меѓутоа, веднаш да кажам, со нашиот предлог ние не ги бришеме нивните потписи. Ние не учествувавме во расправата и неколку други партии што се парламентарни и не учествувавме во расправата и донесувањето на овој Рамковен договор.

Наша шанса и можност е оваа расправа и овој документ да се внесе во Собранието на Република Македонија, но не можеме да се задржиме само на рамките што вие, односно четирите партии парламентарни ги поставивте.

И, само да кажам дека ова е Рамковен договор, а не е мировен договор. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, дозволете ми на почетокот на денешнава расправа по оваа исклучителна тема да искажам незадоволство од неприсуството на голем дел на пратениците од албанските политички партии, од проста причина што ние може да се согласуваме или не се согласуваме со одредени заклучоци по овие теми по кои расправаме. Меѓутоа, сите овие денови се наслушавме и од устите на едните и на другите и на третите дека навистина почнувајќи од 80-тата седница, па затворајќи го овој претрес со третата фаза од имлементацијата на Рамковниот договор, дека расправаме за историски важен документ. Затоа, сево ова ми личи на мал бојкот. Би ги замолил пратениците да влезат во салата и со силата на аргументи овде да расправаме дали сме или не сме за ова што е денеска точка на дневен ред.

Во секој случај, мојот личен став, мојот политички став се согласува со нивните политички ставови. Меѓутоа, во никој случај не се согласувам на еден ваков начин да се опструира работата на Парламентот.

Дозволете да почнам дека денешната расправа не можам никако поинаку да ја протолкувам, освен една од серијата каде се имплементира Охридскиот мировен договор и како таква, влезена во парламентарна процедура, дека токму од нејзините заклучоци, од ваквите расправи, заклучно како што спомнав со третата фаза, ќе зависи во голема мера судбината и иднината на нашата земја. Значи, почнувајќи со 80-тата седница и аналогно на тоа сите, ама комплетно сите точки од дневниот ред што директно ии индиректно ќе влијаат на имплементацијата на охридската спогодба, не можат да излезат од таа

историска рамка. Тука се согласувам со голем број говорници кои излегоа да кажат дека навистина ова се судбоносни одлуки за нашата држава што ги носиме.

Затоа, токму од тие причини, моделирајќи ја иднината на нашите деца во фаза на овие собраниски дебати, ние сме должни денеска да се преиспитаме себеси поостро од било кога до сега и да сфатиме дека во ваков историски миг, нам воопшто не ни е дозволено да правиме никакви понатамошни грешки.

Деновиве моравме да, и мораме да собираме сили да се надминеме дури и себеси како луѓе и деновиве мораме да собираме сили да го прочистиме и гревот и гневот и да се избориме за чистотата на нашите души. Јасно ми е како ден дека меѓусебната комуникација, меѓу сите нас овде е отежната. На моменти ми се чини дури и е невозможна, бидејќи огромни се разликите во тоа што како луѓе, поединци, луѓе од различни политички визии и политички партии, или луѓе од различни ентитети го преживувавме, чувствувавме, посакувавме, или правевме изминативе седум месеци. Разликите се толку продлабочени што ми се чини дека немаме единствено сфаќање, дури во однос на некои универзални човечки вредности.

Во тој процес, кога омразата ни е тука преку авлиите, што би рекол Андриќ, а саканите светости ни се чини дека ни се многу далеку, преку триста реки и планини, токму во еден таков метеж, ние сите одеднаш како да заборавивме дека пред се сме луѓе, а потоа се друго останато, на пример црни луѓе, бели луѓе, високи, ниски, политичари, тесари, Албанци, Роми, Македонци, Срби и тн. и тн. Е токму таа биолошка припадност и од Бога дадена, кон родот човек, нам ни налага на сите во вакви пресудни моменти, кога е загрозен опстанокот на родот човечки, да се приближиме едни кон други, да се обидеме да го надминеме јазот и да го најдеме заедничкото тло, впрочем, да го најдеме она тло каде можеме цврсто да застанеме и тло на кое од утре би се среќавале, а не би се разминувале.

Господа пратеници, можеби е ова историскиот миг кој ни ги отвора очите на сите нам и ни укажува на сите досегашни грешки што сме ги правеле, а истовремено ни укажува дека истите натаму не смееме да ги правиме. Токму сега, во вакви мигови единството на народот е преку потребно, токму сега, заради иднината на татковината е недопустливо некои овде да си го земаат правото да бидат судии, а некои од другата страна да седат како осудени и сами на себе, несакајќи да си наметнуваат некоја метафизички вина дека за нешто се криви. Тоа не доведува до единство, напротив, доведува до раздор во народот.

Дозволете да се обидам да направам една мала дигресија на досегашните дискусии, од кои може да се заклучи дека една голема група пратеници, поготово на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се става токму во улога на судија, во улога на посочувач на виновниците зошто е потпишан овој Рамковен договор и впрочем тие тоа го потпишале, тие се токму предавниците на националната кауза на македонскиот народ.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Заборавајќи еден ноторsн факт дека притоа после сите овие случувања од изминатите седум месеци, секој поединечно овде или групно како политички групации може да биде поставен и во улога на судија и во улога на суденик. Исто се чита од лицата на "судиите" кога ќе излезат од оваа говорница се прилично бледи, уплашени, стресени, нервозни, интуитивно водени од некои внатрешни квазипатриотски чувства, со еден збор фатени во стапица и во небрано, ја избираат линијата на помал отпор, бидејќи таму тој пат е попрооден. На нив сега тешко им е од товарот на безусловните одлуки кои треба да ги донесеме и крцкаат под тој товар. Па господо "судии", оваа хистерија ако ве зафатеше многу порано, сега ќе беше многу подобро и тоа не само за вас, туку за сите нас. Затоа, сега е доцна. Затоа сега треба да ги смириме страстите и од оваа говорница да се обраќаме само со силата на аргументите, бидејќи афектот со кој се обраќаме од оваа говорница, апасолутно не не води никаде. Во принцип афектот никогаш, ама апсолутно никогаш не говори во прилог на вистината на говорницата. Во една таква афект состојба, господо, изминативе денови бевме сведоци. На пример, големиот "патриот" Илија Пранговски од Охрид со денови ме распнува на крст мене, сомнителниот "патриот" Илија Илоски исто од Охрид. Па, нели е тоа апсурдот на нашето денешно битисување на овие македонски простори. Во таква афект состојба, господо со денови наназад сме сведоци дека големите македонски патриоти го черечат лидерот на СДСМ за неговите политички ставови. Иако, истите тие ставиле потпис до неговиот, се надевам при полна свест и совест тоа го направиле. Па, нели е тоа уште еден

поголем апсурд на денешното наше битисување на овие македонски простори. Со тоа се сака на некој начин сега преку тие черечења и распнувања на крст да се влезе во вечноста. Меѓутоа, господа, во вечноста се влегува само на еден единствен начин, кога ќе ги раширете сопстевените раце и самите ќе се ставите на крст. Таков досега во 2000 години бил еден и влегол во таа вечност. Каде бевте, бре, мажи македонски, кои сега ќе кажете  дека обвинувате, дека не сме патриоти, дека ги продаваме државните интереси, каде бевте да ве запрашам кога ми претеа дека главата моја на албански бајраци ќе ми ја набиваат, само затоа што јас Илија Илоски сум бил за друг да биде претседател на државата, наводно, тој што ќе и ги земал сите права, а тие биле за другиот  претседател на државата, што ќе им ги давал сите права. Само за еден политички став јас го доживеав тој линч. Каде бевте во почетокот на 2000 година веднаш после претседателските избори, кога во едно интервју за еден неделник по повод токму претседателските избори и после настаните што следуваа на дестабилизација на безбедносната состојба во Република Македонија, во тоа интервју каде што реков дека ако вака продолжи ситуацијата, да бидеме свесни дека ќе дочекаме еден ден некои нервозни типови со тенкови ќе ни влезат во спалните соби. И, каде бевте, впрочем, после локалните избори кога по повод крвавите настани во Охрид, токму од оваа говорница мојот говор го започнав со веќе сега пророчката мисла дека во оваа држава при ваков мир, ќе има војна. Тоа и ни се случи. Е, тогаш, господо бевте под закрила на вашата голема мајка партијата и си живеевте во илузии на сигурност и несакавте да погледнете ама ни милиметар подалеку од носот. Тогаш, мислевте дека навистина се што лета во оваа држава ќе може и да се јаде. Сега, сите сме фатени во стапица.

Еден брилијантен аналитички текст што излезе од неодамна од перото на Бранко Тричковски, мислам со една реченица ги објасни сите овие моменти кои ни се случуваа и кои впрочем не доведоа на едни вакви расправи денеска да расправаме. Тој го напиша текстот, колку што сега се сеќавам, во Утрински весник за Македонската автотомија, а тоа е процес кога животното е фатено во стапица и за да се ослободи од стапицата си ја одргризнува својата нога. Ние сме токму сега поради тие причини и проблеми што некои многу по експлицитно од мене ги набројаа од оваа говорница, ние сме фатени во стапица и навистина сите нас не боли, бидејќи сега треба да си ја одгризнеме ногата, за да се ослободиме од стапицата. Сите овде викате и кукате дека сме обесчестени како држава, како нација, како народ, и дека сите не боли. Е, па да ви кажам и мене ме боли и ми иде да пукнам на оваа говорница, што значи тука да се разбереме дека сме на исто, дека сите не боли. Дека не е некој таму што седи и дека едвај чека да ги предаде државните и националните интереси на оваа земја. Но, сега мислам ги правите истите тие грешки и токму сега и овде ние веќе немаме никаков кредит натаму да правиме уште покатастрофални грешки. Кога од перото на тој аналитичар, новинар нема да биде доволно да си ја одгризнеме ногата, за да се ослободиме од стапицата, туку напротив, треба да го одгриземе телото, за да остане ногата слободна во стапицата.

Сето ова што денес го правиме, сите и поединечно и групно ако сакате, ќе не однесе пред судот на историјата и ниту еден поединец и ниту една партија нема да бидат амнестирани од таа историска одговорност. Затоа, повторувам никој нема право да погреши. Имаме доволно докази и покрази од сопствената бурна историја. Во вакви историски мигови кога сме погрешиле, тоа нечинело држава. Исто така имаме доволно историски докази и покрази и кај другите народи кои што правеле вакви историски грешки и тоа нив ги чинело држава.

Скоро сите кои говореа денес велат ние сме за мир. Па, господо, ако сме за мир, дајте да му дадеме шанса на мирот. Зошто сега се противиме на еден Рамковен договор што од сите барем е оценет дека е тоа токму шансата за мир на овие простори. Еден од говорниците нема да спомнувам имиња, избегнувајќи ја замката да ми реплицира некој, бидејќи секој треба да има сопствени ставови а не да реплицира на другите, значи еден од говорниците се посомнева во мирот, велејќи го цитирам: "зарем сега можеме да го донесеме мирот кога имаме толку мртви, толку раселени, толку разурнати куќи и тн". А, кога мислите вие господо дека мирот треба да го донесеме? Сакате ли мирот да го донесеме кога би не фатила сеопшта и масовна хистерија и кога ќе се истребиме до последниот. Па, тоа не е мир, тоа е геноцид над сопствените граѓани, на сопствената нација и на другите ентитети во државата. Мирот господо секогаш се носи се до оној момент кога во едни вакви кризни ситуации се помалку да се избројат тие што се умрени, или погинати отколку тие што се живи останати. При процеси на масовни

хистеризации имало во историјата на одредени народи моменти кога умерените било потешко да се бројат. Затоа никогаш не е доцна за мир, а за војна кога и да е и било каде и во било кое време имаме време за се што сакаме. Значи како луѓе ние немаме право да натаму ги стопираме мировните процеси во Република Македонија, бидејќи убеден сум дека и во крајна беда, кај секој поединец кога е напуштен од секого, доаѓа еден порив за смирување. Во тој контекс воден од високите етнички принципи на христијанството и на христијанското живеење јас Илија Илоски им опростувам на сите оние кои пукаа во мене и на претседателските и на локалните избори. И, ако било со кој чин кај нив сум предизвикал бес и омраза, ги молам и мене тие да ми опростат. Впрочем, ни еден ред ниту во библијата, ниеден ајет од куранот не не учи на ништо поинаку од ова што го кажав претходно. Од сето претходно речено јасно и гласно кажувам дека сегашната шанса на Република Македонија се вика Рамковен договор, Мировен договор, Охридски договор, наречете го како што сакате. Сето останато, како што на пример е иницијативата на господинот Петров околу распишување на Референдумот ми личи на извалкани раце, се друго е криење пред сопствената одговорност пред која сме исправени сите ние и сега истиот тој народ кој го доведовме до ова дереџе треба да не покрива преку нивното заокружување за или против тој референдум. Впрочем, сакам да ви посочам неколку примери дека токму истиот тој македонски народ во последниве три години ние го повикавме на три референдуми. Тоа беа референдумите во 1998 година, во 1999 и во 2000 година. На првиот референдум во 1998 година на Референдумот му го поставивме на народот прашањето, кој сакате да ви биде премиер на Република Македонија. И тие заокружија кој сака да им биде. На вториот референдум им го поставивме референдумското прашање, кој сакате да ви биде претседател на Република Македонија. Тие заокружија кој сака да им биде претседател. Во 2000 година го прашавме кој сака да им биде локална власт. Тие заокружија кој сака да им биде локална власт. И, што добивме од тоа? Што повеќе референдуми, помалку леб добивме, повеќе циркуски игри во државата. Само за шест месеци после првото референдумско прашање во 1998 година на една трибина во Тетово на која лично присуствував еден стар човек до мене дојде и ми рече: "Синко, раката да ми се исуши што гласав за овие што се на власт". Во 1999 година народот исто така направи грешка. Додуша, тоа што направи грешка, направени се и на друго место грешки, народот кажа тоа што сакаше, меѓутоа, ја имаме онаа фактичка состојба која денес ја имаме. И, така референдум до референдум дојдовме до што повеќе хаос, со повеќе референдуми и до се повеќе и повеќе несреќни луѓе во државата.

Од тие причини ние не смееме и сега, токму сега, во вакви историски моменти на нашиот македонски народ да го подметнуваме повторно кукавичкото јајце и под влијание на страстите и емоциите да одлучува ирационално. Треба ден побрзо, час побрзо, миг побрзо да се вратиме на нормалните економски текови кои значат живот за обичниот човек и обичниот граѓанин на оваа земја. Сакам само да ве потсетам дека можеби не под ничија вина, меѓутоа, како последици од оваа криза што ја има зафатено Република Македонија, ние во последното рангирање на реномираниот часопис "Јуромани" кој ги рангира и државите во светот, според економскиот рејтинг и бонитет од анализата во март 2001 година, значи за 6 месеци до септември 2001 година сме паднати од 105 на 150 место. Пред нас, господо, за прв пат во историјата на оваа држава се наоѓаат по економски перформанси држави од типот на Того, Етиопија, Џибути, Гамбија, Бургина, Габон, Хондурас, Бангладеш и Малдини. Зад нас се останати само Чад, Судан, Намибија, Бурунди и Суринам. Тоа значи дека сакале или не да признаеме, ние токму сме омеѓени во една рамка помеѓу овие првите и помеѓу овие вторите земји од економски аспект од политички ризици и тн. Што е уште потрагичното? Врвните економски експерти токму во овој реномиран часопис потврдуваат дека, доколку овој тренд на економски движења во Република Македонија продолжи и натаму со исто темпо како досега, не мора со ништо да се менува дека од 180 анализирани земји во истиот часопис, ние ќе паднеме по економски рејтинг на 173 место, а наредните шест месеци на анализа, воопшто нас нема да не земаат предвид како некои земји кои треба да се анализираат по некои економски перформанси, бидејќи навистин незнам дали ние тогаш ќе имаме и атрибути на држава, па некој да не зема предвид и да не анализира.

Затоа, убеден сум дека народот сака мир и економски просперитет. Народот сака да се врати во своите домови, сака децата да учат не под дрво како што синоќа имавме можност да гледаме како учат децата таму

под некои дрва во Македонија, туку да се вратат во нормални училници. На крајот на краиштата народот сака раат да излезе на улица барем пола саат да е мирен, да не пукаат околу него. Народот не сака референдуми што сега му ги наметнвуаме и кој потоа во мисии на објаснувања како било подобро народот да си го каже своето, ние ќе го убедиме можеби да гласа емотивно и погрешно. Се согласувам со нотoрниот факт дека за сите сторени злочини во изминативе седум месеци дека треба да се одговара, меѓутоа, за да се одговара за сите тие злочини што се направени на сите граѓани во Република Македонија, треба да се создадат услови на мирна, услови на правна држава, бидејќи во ваков хаос апсолутно никој пред никого не одговара.

Натамошното инсистирање на предлагачот и натаму да не ја повлекува точката од дневен ред да инсистира, јас сум свесен дека го прави херој пред очите на многу луѓе во Македонија. Меѓутоа, треба да се објасни и да се каже дека натамошното инсистирање и продолжување на оваа бескрајна процедура околу градење ставови, дали сме за или против референдум, мораме да кажеме јасно и гласно дека ги запира сите процеси на имплементација на Охридскиот договор. Со тоа се запира процесот на натамошно разоружување. Со тоа се запира процесот на економската помош од меѓународната заедница за обнова на земјата, а да не зборуваме и за онаа најголема катастрофа што постои огромна реална опасност од обновување на конфликтите на теренот. Ние сме свесни дека сепак од денот на потпишување на Охридскиот договор, освен некои и поситни и покрупни инциденти, не сме сведоци на воени биланси каде што загинале од едната страна 10, па тоа не утешува, бидејќи на другата страна биле 100. Како повторно да речам дека не сме луѓе, па се радуваме ако другата страна била помногубројна. Затоа, сум убеден дека ќе донесеме исправна одлука и во крајна линија сите оние точки што се поставуваат на дневен ред, а од друга страна значат делегитимирање на Охридскиот договор, убеден сум дека овој Парламент ќе ги отфрли и точно со сета своја свест и совест ќе одлучи правилно овде во интерес на целокупниот македонски народ и граѓаните на Република Македонија. На крајот на краиштата во овој меѓупериод, со завршување на втората фаза од вчера изгласаните уставни амандмани, па се до гласањето во третата фаза кога доаѓа и до дефинитивна промена на Уставот или непромена на Уставот, ние навистина имаме време, не само на институциите на државата, туку и на сите поединци и граѓани на Република Македонија да им дадеме простор од 15-тина дена сите свои забелешки да ги достават до предлагачот на уставните промени.

Јас се надевам дека од онаа исцрпна расправа што се водеше во Парламентот во двете фази и по кои имаме заклучоци. Уставната комисија на Парламентот да изготви материјал кој ќе му го достави на предлагачот и од оваа јавна расправа од разни граѓански здруженија, политички партии, ако сакате поединци, разни институции во државата, од таа фаза на јавната расправа дека предлагачот навистина ќе изготви еден поквалитетен материјал и во третата фаза ќе го достави во Собранието. Никој од нас овде не сме видовити дали може или не може да дојде до некои промени. Нормално сега, како политички партии сите ги држиме цврстите позиции, меѓутоа никој до сега не спомнал дека предлагачот нема утре нешто и ново да направи. На крајот на краиштата не очекува уште една, можеби најмакотрпна трета фаза од имплементација на договорот и убеден сум дека ќе имаме доблест на некој начин да не влегуваме во нови проблеми, туку напротив да излеземе на еден чист пат, на некој начин да се имплементира Рамковниот и Мировниот договор од сите причини кои претходно, да не се повторам, ги набројав. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Илија Пранговски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Пранговски вие сте сега, ги користите своите пет минути.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпретседателе, благодарам и на колегата Илија Илоски, што ми овозможи реплика со спомнувањето на моето име и на квалификациите како тој ги чувствува моите настапи во македонскиот парламент.

Јас мислам дека тоа ќе остане сепак негов проблем, а сметам дека во позадина стои некој покрупен проблем. Било што да речеше г-дине Илоски од оваа говорница ќе ти простев...

(Дофрлување на пратеникот Илија Илоски од место).

Да, ќе ти простев. Да, како што ти си им простил на тие што те тепаа, пред

година. Било што ќе ти простев, но нема да ти простам, нема да ви простам никогаш заради моите поколенија и заради моите претци и заради мене лично - квалификацијата квази патриот.

Се разликуваме во многу работи. Веројатно и понатаму ќе се разликуваме и веројатно затоа сме со различни ставови. По волку важно прашање за референдум и слушавме се од вашиот говор, не слушнавме замор зошто не и зошто да референдумот. Ја слушавме тезата дека се почнало од 1998 година, и се почнало од Танушевци и дека некои други се виновни, а не сте вие и дека вие всушност сега само се фрливте храбро, гради машки да ја одбраните државата и мирот.

Јас зборувам долго време од оваа говорница дека тоа е голема илузија. Би сакал историјата да ме негира и да не сум во право. Бидејќи толку прашања се апсолвирани прв пат по ова прашање во македонскиот парламент и сега на крајот можам да кажам дека би бил среќен да ме демантира историјата и да е ова иднината на Македонија и овој Рамковен договор да биде иднината на Македонија и на македонскиот народ ако воопшто ќе можеме за некој ден или за некој месец така да го условуваме. Навистина не очекував од вас таков истап, меѓутоа, не ме изненадува со оглед на нервозата која што ја пројавувате во последно време, Не можете моето право да се изјаснам лично околу некои работи да го злоупотребите, тоа никој не ви дава право. Можете да ме наречете лажго, можете да ме наречете како сакате, меѓутоа, не ви дозволувам никогаш повеќе да ме крстите квази-патриот. Всушност, незнам ни колку знаете за тие патриотски чувства. Ако не знаете во паузата ќе ви ја раскажам мојата генеза и мојата историја па веровано после малку поинаку ќе гледате. Во ниеден момент од моите дискусии не ве ни спомнав, не ве ни оспорив, не ви се ни обратив, не ве ни погледнав.

Зашто се дрзнувате г-дине Илоски? Зашто се дрзнувате да ме крстите...

(Реагираше на пратениците од место).

... имам уште половина минува. Зошто се дрзнувате да ме крстите квази-патриот. Тоа ви причинува задоволство?

Тоа што вие мислите не мислат и другите. Мислам дека во позадина стои нешто друго. Се плашите за нешто друго. Ќе видиме понатаму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Илија Илоски има збор за реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине Прангoвски, само една реченица. Основна причина што беше мотив директен да ве спомнав во мојот говор беше тоа што сите овие денови ве слушам овде како скоро плачете на оваа говорница, колку ви е тешко и си земате за право да не поименично, туку нарекувате, издајници, предавници, обесчестувачи на народ, на нации итн. Погледајте си ги само стенограмите од вашите говори па ќе видите што е. Инаку, тоа е мое лично мислење дека токму од тие квази-патриотски побуди излегувате на говорница и се додворувате на новата ваша голема мајка, новата закрила под чии илузии живеете дека сте доживотно сигурен и осигурен.

Пред само две години вие таа закрила ја имавте од друг патрон овде. Тогаш не зборувавте за никаков патриотизам. Тогаш мавтавте со тајвантски милијарди и сеевте ветер и магла по народот. Не само во Охрид, туку воопшто во Македонија.

Отпосле, токму кога ја променивте партијата, не знам што се случи внатре, дојдовте овде и на овој човек кој седи овде зад мене сега на говорницата му рековте - јас Томе, не сум знаел дека цел живот сум бил ВМРО-вец. Тоа му го рековте вака парафразирано да ве преведам што рековте тогаш. Па сега, еден Војо Стојановски да молчи кој од како дете го знам, бил во ВМРО и да не прозива никого, а вие, од вчера влезен во таа партија, да кажувате овде дека сте Гоце Делчев, тоа не можам да го премолчам, затоа станав и затоа ве прозвав по име и презиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Прангoвски.

(Пред да почне да зборува упорно го гледа пратеникот Ило Иловски и се смешка).

Мислите ли дека се што кажавте дека сте во право. И дека постигнавте ефект пред охридската јавност итн. Да. Во вакви моменти кога се зборува за референдум или за рамковен договор просто имавте изгледа задача цел да ги истакнете луѓето кои што искрено и чесно сакат да си кажат тоа што мислат. Јас г-дине Илоски, никогаш не сум барал закрилје од никаква мајка и од никаков татко. Веројатно менталниот склоп ваш е таков и така размислувате.

Впрочем можам да ви кажам дека мојата постапка кога сум ја променил партијата Демократска алтернатива, ВМРО-ДПМНЕ со една мала дистанца историска за жал, ако гледате реално сум бил во право. Затоа што требаше да се зајакне тој блок македонски.

Некои работи навистина е тешко да ви се објаснат вас, бидјеќи вие живеете во тој склоп, ментален и продолжете така. И нервозата која што ја покажувате повторно ќе кажам навистина ми е непријатно да реплицирам по оваа тема и толку важна тема, ама на некои работи не можам да ви останам без одговор.

Незнам, која е целта мене да ме прозивате. И од каде е добивте налог ако има налог, или е тоа ваша лична потреба. Но, и во едниот и во другиот случај стои нешто друго во позадина. Како што пред одредена недела на некои други луѓе им реплициравте.

Ве молам, да не се многу интересирате и да се бавите со мојата политичка биографија. Тоа е сепак моја работа, и работа на граѓаните, и на луѓето кои што го дале гласот за мене. Вие гледајте си ја вашата работа. А колку за Танушевци да ви кажам уште еднаш, немојте да бидете сигурни и арогантни дека тоа е причината за се што се случува во Македонија. Јас ќе бев пресреќен ако беше така.

Ниту, дека Уставот е извор на кризата. Ова што треба сега да се носи, овие измени тој ќе биде нов, генератор на криза во Македонија. Не можите да ми забраните да го кажам моето мислење. Ниту, ве молам повеќе не се бавите со тоа, што сум правел и кај сум бил. Ако имате да кажете нешто од оваа говорница конструктивно – кажте ако излеговте да направите провокација, можам да ви кажам дека ви успеа. Но, времето и историјата ќе покажат како стојат работите навистина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има .... - Спанаков, извинете, Спанаков....

(Реагирање на Абдуладои Вејсели од место дека нема пратеници во салата).

Немојте така. Немојте да дојде да се бројат некогаш на друго место. Ве молам.

(И понатаму реагирање на пратениците од место).

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Само момент г-дине Вејсели.

Почитуван потпретседателе, јас од името на Пратеничката група на Нова демократија овој момент нема да реплицирам, затоа што очигледно е дека, повеќе пратеници, веројатно ќе искажат одредени тези, кои што се пласираат од говорница и ќе го зачуваме правото за реплика оној момент кога ќе оцениме дека е потребно за тоа да реплицираме, затоа што мислам дека премногу тези се пласираат, и ќе сакаме да не реплицираме поединечно за секого, мислам дека во одреден момент кога ќе го осетиме за потребно тоа да го реплицираме во тој момент кога ќе го осетиме за потребно. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете... Има збор пратеникот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа збор два околу прашањето за референдум да или не.

Сакам да кажам некои свои ставови, се надевам дека ќе имате трпение да ги слушнете. Ќе се сложам со некои претходни дискутанти ова се навистина тешки времиња, времиња на одлука, времиња кои што ќе ги дискутираат наредните генерации, седници, и стенограми што произлегуваат од тие седници кои што ке бидат анализирани на студии, кој што кажал, какви ставови имал, за што се застапувал, што произлегло од тоа. И во склоп со тоа бидејќи ова е значајно прашање кое што е засега иднината на македонскиот народ, во склоп со она што го имаме како процедура за промена на Уставот, во склоп, односно како следство на се она што го имаме во десет години независна и суверена држава Македонија, ние доаѓаме во една ситуација, условно кажано еден безизлез, во кој што сме ставени од една страна од албанскиот политички блок, односно од албанското прашање кое што оди на тоа да се реши интегрално во овој дел од Европа создавајќи она што се нарекува голема Албанија, и од друга страна се наоѓаме притиснати од меѓународната заедница.

Меѓутоа, многу од нас се склони и сакаат да заборават дека има уште една страна. Значајна страна. Најбитна страна, од се тоа е македонскиот народ. Народ кој што е ставен во кош и се сложувам со г-динот Иловски дека може да се прават споредби и да се употребуваат некои уредници на сомнителни весници дека имаме животно кое што е фатено во стапец. Меѓутоа, тоа не е некој овдека пратеник. Тоа не е ВМРО-вец. Тоа не е СДСМ-овец, тоа е македонскиот народ. Да, се слиожувам со вас, тоа сакам и да го кажам. И во таа ситуација, навистина е потребно да бидеме одговорни, навистина мислам дека сите треба да зборуваме, да настапуваме, меѓутоа и да гласаме одговорно. Во една таква ситуација често пати во прашање, односно во дилема сме сите ние. Дали ако гласам "за" или ако гласам "против" сум на вистинската страна. Дали сум погодил со гласањето. Бидејќи многу лесно може

другата страна да ме обвини, другиот дел, половинката, третинка или незнам кој дел, од страна на македонските пратеници, од другата страна на парламентот, дали навистина ние сме биле во право, дали тие биле во право. Можам да ви кажам дека треба опстојни анализи кога се дискутира за едно вакво прашање. Треба, навистина да се вратиме малку station наназад да видиме каков легитимитет ние внатре имаме и дали можеме за едно вакво прашање со таква леснотија да дискутираме и да кажеме дека на нас концептот на народ не ни е интересен бидејќи не можеме да поднесеме толкава одговорност, меѓутоа, сите ние знаеме дека овие уставни промени, овие уставни амандмани ја редефинираат комплетно државата. Државата повеќе нема ниту малку да наликува на она што денеска личи. Апсолутно сум убеден дека со таквото редефинирање на државата ќе се промени целокупниот систем на вредности. Ќе се промени целокупното наследство што го имаме и дека системот, институциите на системот ќе бидат закочени. Имам право како пратеник да ги анализирам тие амандмани, да излегувам со своите дејствии, мегутоа и да замислувам односно како некои што сакаат овде, пророци да се, да предвидува што ќе се случи. Апсолутно стојам на став, дека овие уставни промени, цела оваа процедура поставена наопачки, како за мир процедура ќе ја уништат државата. И, немора да сум во право. На крајот од краиштата навистина не мора да сум во право, може би грешиме, секој има право, да дискутира, да донесува свои заклучоци и секој од нас се наоѓа во позиција и може би и да погреши. Мислам дека ние не сме најпаметните во оваа држава, овие 120 луѓе што се тука, и незнам кој зборуваше, незнам колку имало со основно образование во оваа држава, каков бил процентот, средношколци, кои биле стручњаци, високообразование, да не именувам, меѓутоа ќе ви кажам, каков и да е просекот или процентот на образованието на граѓаните и на македонскиот народ, јас не сум спремен да го потценам, не сум спремен во ниеден момент, во ниедна ситуација да кажам да - ние 120 луѓе овде сме најпаметни и ние можеме да ја земеме таа одговорност да решиме во името на 2 милиони луѓе. Како што реков, се работи за редефинирање на државата и во таа насока би сакал да добие легитимитет тоа редефинирање на државата. Јас не барам ниту војна, ниту мир, ниту сакам на некој да му перам мозок со тоа што ќе му објаснувам, ќе водам кампањи, во Собрание, надвор од Собрание, со интервјуа, со настапи, незнам трибини, со тоа што ќе покренам една машинерија радио-телевизија, весници па ќе му објаснувам ете не е тоа така, тоа е вака, дајте да ги смениме ставовите. Јас не барам таков настап. Јас барам една проста работа. Народот да каже што мисли. Морам да ве прашам, не ми е јасно зошто толку се плашите од народот? Што е проблематично во една процедура, народот да дојде, да излезе, да се изјасни?

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Од каде знаете дека народот нема да каже подржете го Рамковниот договор и подржете ги промените на Уставот. Со каква сигурност ние можеме да тврдиме како ќе се изјасни народот? Немаме никаква сигурност. Тоа значи дека можеме и мораме да му се обратиме на народот. Оти, ви кажувам, јас не сум сигурен како ќе се изјасни народот. После едно вакво безобзирно и безобразно перење на мозок, може и ќе се изјасни за. Меѓутоа, ако се изјасни за и вие и ние, сите 120 пратеници ќе имаат право да го променат овој Устав.

Сметам дека концептот на референдум е едно од најдомократските можни средства што многу ретко се користи во оваа држава. Да потсетиме на 1996 година, 10 илјади потписи кои беа отфрлени од ова Собрание. Знаеме како беше составот 1996 година на ова Собрание. 150 илјади потребни, а 220 илјади собрани. Значи беа отфрлени во ова Собрание. Така што мислам дека постојат некои политички и менатлни структури кои имаат проблем да му се обратат на народот, без разлика за кој период станува збор, 1996 година, 2000 година, 2001 година, 1990 година.

Меѓутоа, мислам дека треба да се надминеме. Мислам дека треба денеска да го срушиме тој концепт, односно ако сакате просто кажано да го надгласаме концептот, на обид на заобиколување на народот. Еден концепт на лага што се наметнува на македонскито народ, еден концепт на безобзирно перење на мозок, еден концепт на опструирање на вистината да се замени со концепт на народ. И тоа во најпозитивна смисла на зборот.

Никој не смее тука да сфати дека некој повикува на војна, дека некој повикува на насилство, дека некој повикува на револуција, дека повикува на рушење на одредени структури, дека некој сака да го уништи Договорот за мир, иако сто пати кажав дека тоа не е

договор за мир. Сеуште стојам зад тоа. Тоа е политички договор што го донеле четворицата лидери кои пред нас 120, а понатаму, во наредното ниво пред целиот народ, ако го изгласаме референдумот, треба да оди на оценка. Затоа мислам треба да му се обратиме на народот. Народот е тој кој не избрал, да видиме како размислува.

Повторно ќе кажам, не мислам дека по секоја цена и на секој можен начин може да заклучиме дека народот ќе го одбие или ќе го прифати. Значи, јас незнам како ќе се изјасни тој народ. Ако некој прави анализи, ако некој прави анкети, ако некој се плаши од народот, тогаш слободно нека гласа против денеска, или незнам кој ден ќе дојдеме на ред да гласаме, бидејки има многу дискутанти. Но, за тоа малку подоцна.

Значи, повторно ќе кажам за да не бидам погрешно разбран, да бидам јасен и за тие кои се тука и кои се надвор, ако има такви заентересирани денеска да не слушаат. Мислам дека еден концепт на лага и концепт на бришење на вистината, на криење на вистината треба да го замениме со концепт на народ, барем еднаш сите ние да имаме доблест да му се обратиме на народот. Кој вели дека ние мораме да заклучиме дека во референдумот ќе стои само референдумско прашање - дали сте за промена на Устав, или наредната точка - дали сте за бришење на македонскиот норoд. Ајде да се договориме, бидејќи ние тоа право како пратеници го имаме, можеме да поднесеме амандмани односно дополнувања или измени на тој дел од текстот што ни е предложен, да го прошириме. Ајде да го прашаме народот за повеќе прашања. Ајде да го прашаме народот дали се согласува четворица лидери да му ја сменат дефинитивно и да ја запечатат иднината не само нему туку и на неговите внуци и на внуците на неговите внуци? Ајде да го прашаме народот во тој референдум, бидејќи не е ограничено кај нас, толку колку што ја познавам оваа материја за која дискутираме, можеме да поставиме 10 прашања. Ајде да го прашаме народот дали е за војна или е за мир? Истовремено ќе го прашаме дали е за промена на Уставот, дали смета дека е ова вистина, дали е за бришење на сам себе и да го прашаме во исто време дали е за војна? Оти, не може да дозволиме некој од нас да излезе и да каже, еве некој се повикува на народ, се наоѓаме во една непријатна ситуација, значи еве сега ќе испровоцираат укинување или поништување на мировниот договор, значи тие се за војна. Не. Ајде да го прашаме народот за сите тие работи, да видите како ќе одговори? Имаме ли храброст? Имаме ли хработст да му се обратиме на тој народ? Или, можеби некој правел анализи? Јас не сум правел анализи. Јас се потпирам на тоа што ми се случува по пат, по улица. Секаде таму каде го срекавам обичниот македонец кој прашува, не ми вели - аман бре вие ли сте за војна, за мир ли сте, ја уништивте државата или ВМРО ја продаде државата или СДСМ ја продаде државата. Ми вика - што да правиме? Како да се однесуваме? На која позиција да стоиме? Што е нашата идеологија? Што е нашата иднина? Како треба да се проектираме? Други пак ми викаат - ако го изгласате Договорот, се што имаме ќе продадеме и ќе се отселиме. Третите велат -ќе го смениме македонското државјанство, ќе бидеме државјани или избеглици во било која друга земја во светот освен тука.

Значи, не тврдам дека има едно унисоно размислување. Меѓутоа, има мака, има тежина, има и црнила кај тие кои загубиле свои мили во одбрана на оваа држава.

Така што, сакам да прашам нели е лицемерно од наша страна, како политичари да кажеме - ние добивме одговорност и сега таа одговорност треба да ја носиме. Ние носиме одговорност со самиот овој настап тука. Со самото тоа што сме тука, за или против и тоа никој од нас не може со сигурност да каже дека е во право. Ја носиме таа одговорност.

Меѓутоа, морам да ви кажам, не ми е прифатливо и во ниту еден момент не ми е прифатливо и нема да успеам да се согласам со тоа никогаш да бидеме обвинети - е вие така правите три години, вие вака правевте три години, е вие вака правевте шест години. И, апсолутно, поради тоа што некој вака правел три години или шест години или десет години, денеска да кажеме - да, ние сега имаме кредит затоа што сме различни од вас, денеска ќе ве обвиниме и затоа ќе имаме право да ја понесеме одговорноста.

Не. Јас мислам тој концепт треба да го укинеме. Подготвен сум да кажам дека и јас ќе вложам напори тој концепт лично, не многу често да го соопштувам, да му спротивставам концепт на македонското национално единство. Дали се подготвени другите да кажат, во ред, ние исто ќе застанеме на тезата за

македонско национално единство и ние нема да гласаме во пакет за се, ќе најдеме, ќе видиме, сигурно има и кај нас некој кој не се согласува со ова што се случува. Нема да му кажеме -ти ќе бидеш надвор од оваа партија само ако се спротивставиш на било кој амандман или ако кажеш не за она што сите ние велиме да или као кажеш да за сето она што ние велиме не.

Има ли такви? Еве, јас во оваа можност, во овој момент, сакам да повикам на македонско национално единство и не сум лицемер. Но, сум подготвен да разговарам за македонско национално единство со секој оној кој не е подготвен, ако различно размислувам од него да не прогласи априори за човек кој сака војна, за милитант или за некој кој апсолутно е неприфатлив во неговото политичко и идеолошко делување.

Морам да ви кажам дека ова, од прилика е концептот што го имав за референдумот, односно некои сопствени размисли како јас гледам на позицијата парламентарни групи, позиција - опозиција, кон народот и за народот и доколку ќе немаше одредени провокативни дискусии ќе застанев на ова, ќе кажев дека ќе гласам за реферндумот. Тоа ќе беше, по мое длабоко уверување една заокружена дискусија, која што на тој начин ќе стави точка.

Меѓутоа, има некои прашања што мора да се одговорат или да се постават. Или, ако сакате дилеми на кои треба да обрнеме внимание. Бидејки, длабоко сум убеден дека и тие дилеми, тие рпашања и тие подметнувања се дел од една кампања што често пати ја спомнувам на перење на мозок, а упатена само и единствено кон македонскиот дел на електоратот.

Па, некои тука лидери или пратеници или шефови на пратенички групи излегуваат па велат - референдум не може да се изведе оти една петина од македонската територија е окупирана. Јас би сакал да спорам со таа теза.

Прво, мислам дека не е окупирана една петина од македонската територија, оти ако Македонија има 25.713 километри квадратни, тоа значи 5 километри квадратни, а тоа не е мала територија. Освен ако нема некои проекции за тоа што ќе се случи после 6 месеци или некаква проекција или некаков таен договор помеѓу тој ја изнесува оваа теза и тие кои денеска се фатиле за оружје во намера да изборат човекови права и слободи.

Една петина од територијата не е и никогаш не била окупирана. Барем до овој момент. Мислам дека ова теза не случајно се изнесува пред македонците од проста причина што треба да се заплашат и да помислат, добро е денеска е една петина, дајте, ќе се согласиме со тој таканаречен мировен договор за да не биде една половина. Јас не гледам друга логична оправданост и издржаност. Така што мислам дека тие кои го плашат македонскиот народ треба да бидат многу внимателни какви бројки соопштуваат, оти имаат свои министри за одбрана, па тие можат со стручност, со прецизност да ги проверат картите на Македонија и да кажат колку е окупирана територија.

Тоа е добро прашање. Бидејќи го симнав тој збор "окупирана" истите кои велат дека една петина е окупирана, да излезат пред нас, бидејќи се и потписници на договорот, да кажат на кој начин мислат да ја ослободат територијата? Бидејќи овој договор никој не го дефинира како договор за ослободување туку како договор за мир. Тоа е една многу не дефинирана реченица, еден многу недефиниран збор во кој што немаме никаква посебна конкретност што тој значи? Никаде не пишува кога ќе се вратат избеганите луѓе, раселените, етнички исчистените? Никаде не пишува, односно не се објаснува на кој начин ќе се ослободи територијата? Тоа се некои странични работи што некој сака да ни ги протне вака или онака. Тоа се некои работи што кај нас на вулгарен начин се претставуваат како конвои на автобуси, во екскурзија до своите поранешни места на живеење кои трајат по 2 - 3 часа. Никој не излезе да ни каже дали е тој договор за мир и договор за ослободување?

Да се вратам на тезата во една таква ситуација кога сите зборови, сите знаења, сите зборовни значења се испревртени, се користат субјективно и за лични и за дневно-политички потреби, никој не ни објаснува како тоа референдум не може да се изведе, а предвремени избори можат да се изведат? Тоа, навистина не ми е јасно. Оти, референдумот треба да се изведе на истите места каде што треба да се изведат изборите. Избирачките места се исти, односно гласачките места, иста е шемата, иста е мрежата во која што треба да отидат жителите, граѓаните, Македонците, Албанците и сите други за да го дадат своето мислење.

Навистина не ми е јасно како може во еден залет, во еден занес на, условно кажано, некаква предизборна кампања, некој да зборува во мое име - биди за. Војната да ја менува одеднаш со мир, да ни нафрла кубици, купови, стотици зборови за мир, ни сам не верувајки во нив, а да не дојде да ги објасни овие многу прости дилеми како ќе има предвремени избори ако не може да има референдум?

Или на друг начин да се постави дилемата. Ајде сега, сите ние денеска што сте против референдум, да излеземе, ако има такви, да објасниме дали со тоа што сме против референдумот сме за предвремени избори? Или, навистина...

(Пратеникот Мерсел Биљали дофрла од место).

Да. Е, па, г-дине Биљали јас ве повикувам кога ќе завршам да реплицирате, да ги објасните тие дилеми. Јас како пратеник, денеска треба да гласам и тие се некои нејаснотии што ги имам и што сакам вие да ми ги појасните за да можам да донесам релевантен став како ќе гласам. Или, да ме разубедите, бидејќи јас сакам да гласам за референдумот, вие да изнесете релевантни сознанија, релевантни описи како тоа ќе ја ослободите територијата со овој мировен договор и можеби, во една демократска процедура и да ме разубедите.

Напротив, сакав да прашам, да излезат да обајснат тие што се против референдумот, дали се за предвремени избори и на кој начин, бидејќи народот, еве, се ставаме во негова ситуација, народот е уплашен. Една петина од територијата е окупирана. Има оружје. Има терористи. Не е сигурно. Територии се минирани. Луѓе се раселени. Пола луѓе не се дома. Како во таква ситуација ќе изорганизираме предвремени избори?

(Дофрлање од место, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Ова беше една приземна провокација од г-динот Чифлиганец, во негов стил и нема да му одговорам. Мислам дека не заслужува да му одговорам, согласно принципот што го утврдивме да дискутираме и да се обраќаме на целиот Парламент, нема да му одговорам на г-динот Чифлиганец. Ќе почекам прво тој да реплицира па да видиме на што сме. Меѓутоа, тоа што тој го дофрли од место ми отвора една нова дилема. Да не бидам погрешно разбран, му благодарам што ми дофрли од место да ми ја отвори таа дилема да се дообјаснам пред сите вас, да не помислите дека јас сум против предвремени избори.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Јас сум за се она што ние тука ќе се договориме, 27 јануари, 27 февруари, 27 декември, не е битно кој датум. Јас сакам пред вас да ја отворам оваа дилема, мене тоа ме интересира. Како може да нема референдум, а да има предвремени избори. Или да има предвремени избори, а да нема референдум. Или да ги има и двете и референдум и предвремени избори, или двете да ги нема во една вака поставена логичка замка на односите, во која што територијата ни била окупирана, во која што луѓето биле ваму, биле таму, не било мирно, незнам што имало, незнам што немало. Намерно ги поставив тие работи и добро е што паѓате на таа провокација. Тие се прашања, кои што не се поставени за вие да одговарате. Тие се прашања, кои што се надевам дека ќе си ги одговори Македонскиот народ во оној момент кога ќе треба да излезе или на референдум или на избори или на било која форма во која што ќе одлучува за сопствената иднина. Зашто, не е доволно вие да направите прес конференција, да наредите партиски знамиња зад вас, да повикате послушни новинари кои што ќе ги истакнат вашите ставови со големи зборови, со големи наслови, театрално и да кажете ние ја завршивме работата. Во се она што ќе го изјавувате зад кое што јавно ќе стоите во еден ваков критичен момент, треба да барате логика, да видите дали ставовите се издржани. Дали може еден прост обичен човек со својата обична народска логика кога ќе ги испрашува кога ќе мисли во своите домови, дали ќе издржат пред него. Јас не се сметам за некој којзнае каков човек, се сметам од редот на тие обични луѓе и јас мислам дека логиката не држи. Само сакам да ги поставам тие прашања и да ги отворам пред вас. Тоа што вие немате доблест и што немате храборст да ги прифатите или пак, не да ги прифатите, само да ги земете предвид, тоа е ваш проблем.

Има уште една работа која што сакам во врска со референдумот да ја кажам и после ќе гледам да ја ослободам говорницата. Би сакал да ја отворам таа дилема односно да изнесам свој став во врска со опструкцијата која се прави на оваа седница. Сите ние знаеме дека и според начинот на дискусиите и според начинот на кој што се одвива до денеска оваа седница и според ако сакате телефонскиот разговср на Г. Црвенковски и

Г. Џафери, кој што беше јавно објавен, имав можност да го прочитам во печатените медиуми, дека некој има намера да изврши опструкција, не опструкција во крајна линија на оваа седнива, туку опстукција во крајна линија на исходот кој што треба да произлезе можеби ако има 61 глас од оваа седница. Мислам дека јавно треба да проговорима за тоа, накратко и јас би сакал да го повикам Г. Црвенковски да излезе да го појасни пред нас неговиот телефонски разговор, ако има доблест. Тој ги појасни на прес конференција неговите ставови, се закани, не плашеше, изнесе ставови за окупирани територии и сл. Меѓутоа, мислам дека е фер и дека е редно да излезе пред нас тука како пратеници да ни објасни, да ни појасни односно да ни го појасни начинот, потребата зошто тој преку други партии сака оваа седница да не се одржи, да се одложи или исходот да се промени. Зошто тој морал да му се јави на Г. Џафери, за да ја одложи седницата. Мислам дека требало сам да побара одложување на седницата. Мислам дека беше доблесно како лидер на една голема опозициона партија, бидејќи како такви се сметате, иако сте во владата 4-5 месеци, 3-4 месеци, да излезе и да каже, Г. претседателе ние имаме состанок како партија и тоа е вообичаена процедура, би ве замолиле ако сакате да ја одложите седницата. Мене, навистина не ми е јасно зошто мораше преку друга партија да ја одложува седницата. Еве, ќе поставам јавно прашање, можеби тоа беше тестирање на новата коалиција, незнам. Затоа, сакам да излезе и да објасни. Можеби тоа беше тестирање на некое ново парламентарно мнозинство, кое што го најавуваат некои трабанти на СДСМ во ликот и делото на некои независни медиуми. Сите тие дилеми, ако спомнуваме, се повикувам на говорот на Г. Ило Илоски кој претходно говореше дека сме чесни политичари, треба да ги отвориме тука. А, не да направиме една процедура во врска со референдумот, апсолутно да го збуниме народот и најдени во стапица, бидејќи е обелоденет тој разговор да излеземе на една прес конференција која што недоликува на времето, на потребите на Македонскиот народ, недоликува за потребата за која што зборуваме за Македонско национално единство, па немајќи можност да го негира разговорот, за што очигледно е дека е премногу реален и прецизен тој разговор, ни дава една замена на тези, грст од лаги, закани и ако сакате една потреба со која што ќе се исчисти сопствената одговорност со која што ќе се нападне политичкиот противник, ќе се каже дека Македонија е окупирана, дека референдум неможе и несмее да има, а дека ако има референдум, тој ќе ја напуштел Владата. Внимавајте сега, не ми е јасно во моето простодушно и нормално човечко однесување не ми е јасно дали Г. Црвенковски сака да ја напушти Владата, бидејќи смета дека не постои концепт на народ, со тоа, да речеме, што се определил да направи нова, тајна, невидлива коалиција во која што коалиција ќе си обезбеди доволно пратеници за да може, со тоа што ќе се закани да ја урне Владата, или Г. Црвенковски сакаше со своите опасни тези во врска со референдумот Македонската јавност нагло да добие амнезија за тој телефонски разговор, па да го заборави, зашто, знаете не е лесно сега да се биде во кожата на Г. Црвенковски, во која што иста кожа се наоѓа тој самиот колку што живее, а претходно да рече дека постои еден драматичен и опасен двоец за државата Георѓиевски и Џафери кој што ја разградува државата, кој ја уништува државата, кој поставува невидливи бариери, кој поставува поделба на интереси, на зољи, на шверц, на трговија и тн. И, сега одеднаш, бидејќи на лагата и се кратки нозете, да се најдете во ќош, јас ќе ја употребам кованицата на Г. Ило Илоски, во замка во која што навистина не треба ногата да си ја симнете односно да си ја скинете за да ви остане дел од телото, туку напротив, треба телото да си го раскинете, ако може да ви остане колку толку, ногата. И, нормано, мислам дека тука може единствено пред Македонскиот народ да запали колективно паѓање во амнезија и нормално продолжување на безкрупулозната кампања за перење на мозок.

Еве, јас ќе прашам јавно, свесен за тоа дека некои од медиумите ќе продолжат кампањата во линч на тоа што го зборувам. Зошто ниеден медиум не анализира, не прашува, не поставува дилема што значи тој таен разговор за опструкција на Македонскиот народ. Што значи, бидејќи Г. Црвенковски рече дека постоела серија на разговори, што значи таа серија на разговори. Еве, да го повикам да ни ги каже тие разговори. Значат ли нова коалиција? Значат ли уривање на Владата? Значат ли предвремени избори? Што значи? Ќе си дозволам да шпекулирам бидејќи тоа е филот кој што го милува и Г. Црвенковски и координаторот на СДСМ. Дали е тоа заговор против Македонскиот народ? Тоа сакам да го слушнам? Јас не велам дека сум во право. Можеби сум згрешил во сите мои претпоставки. Можеби носам многу голема тегоба, тежина на својата душа и можеби

сум подготвен и да се извинам. Да дојде да ми каже, не Г. Петровски, грешите. Ние сакавме, јас кога му телефонирав на Г. Џафери, ние сакавме да ја осигураме и да ја осветлиме иднината на Македонскиот народ. Ние сакавме, бидејќи еве нема да има предвремени избори ќе бидеме добри парципиенти во оваа Влада дека еве се договаравме меѓу другото во другите разговори и за сите други работи настапуваме искрено, настапуваме народски пред овој народ и дека едноставно вие сте грешка. Тогаш, јас ќе му кажам. Г. Црвенковски јас се извинувам вашите тези се појаки од моите и јас сакам да ве поддржам вас, во вашиот напор да гласаме против референдумот.

Спротивно на тоа што добиваме? Добиваме илјадници прашања. Заговорачите на тајни поредоци, на завери против Македонскиот народ. Тие што имаа усти полни со аргументи во овие три години за шести зони, седми зони, 18-ти зони, за тајни планови, за незнам што не излегуваат пред нас и не даваат едно објаснување, еден одговор. Што, големи мангупи се? Со тоа што нема да реплицираат? Со тоа ли ќе ги избришат овие зборови? Со тоа ли негирање односно едноставно ќе се доведат во една ситуација дека овие зборови не постоеле? Тоа се некои прашања кои што на мене ми се поставуваат и би сакал како пратеник да добијам одговор. Имав доблест да ги повикам тие што ги отвораат овие дилеми, да ми ги објаснат, што мислам дека е тоа демократска процедура, мислам дека е тоа едно нормално комуницирање во Парламентот, барајќи се уште еднаш на тоа што го нареков потреба, желба за Македонско национално единство. Мислам дека никој не навредив во овој говор. Неколку луѓе ги спомнав, меѓутоа, ние неможеме тука да дискутираме без воопшто да се повикаме на некакви ставови. Значи, сметам дека тоа што го спомнав не би требало да ги навреди во стилот да предизвикува кај нив омраза на која што ќе треба да ми одговорат со навреди, туку едноставно сите ние да изелеземе тука и заедно да се прашаме. Што ќе биде и со овој референдум и со иднината на Македонија, ако продолжиме вака да настапуваме? Едно е да зборуваме тука, едни барања официјални да стигаат до претседателот за одложување на седница, а друго да дискутираме по телефон. Тоа мене ме интересира. Што ќе биде со нашата иднина ако тој принцип ние и понатаму го усвоиме? Можам да ви кажам дека, еве, обидувајќи се да завршам, дека нема потреба од апокалиптично размислување. Дека за дваипол месеци процесот ќе бил стопиран. Нема потреба да сметате сите вие кои што мислите дека е овој процес за мир и дека тој ќе биде стопиран. Не. Овие дваипол месеци кои што ќе ги имаме ако го усвоиме референдумот, незнам точно кога биде и не е ни значајно денот на одржување, временскиот вакум сакам да го допрам, па ние луѓе, ќе имаме во тие два-три месеци можност да ја видиме третата фаза завршена на собирање на оружје, што значи според проценките на релевантни светски институции, НАТО е релевантна институција, да видиме дека ОНА е разоружана. Така? Еве, ние вриштиме, вриштевме, и велевме 3.300 парчина не се доволни, има повеќе. Денеска е обратно. Ќе кажеме, да, еве јас сум спремен да го сменам својот став, ќе кажам да има 3.300 парчиња, нема ништо повеќе, да ги собереме и тогаш немаме проблем. Дали е тоа точно? Дали има логика ова што ви го зборувам? Ќе се соберат 3.300 парчиња, ќе се заврши третата фаза, ќе се поклопат бројките, оружјето ќе се уништи, во меѓувреме, бидејќи се три месеци во прашање, ќе имаме можност да се вратат нашите безбедносни сили на своите позиции од почетокот на оваа година, не од 5 јули, незнам кој месец беше, значи доволно е во тие три месеци да си обезбедиме и територијален интегритет и територијален суверенитет и да ги вратиме раселените, некои од нив и ќе си ги направат куќите во тие три месеци и ќе почнат да живеат нормално. Ако бројките се вистинити, ако нашите желби и намери се вистински и ако навистина станува збор за мир. Па, нели е тоа една одлична ситуација за оние што сакаат мир, за оние што ни го перат мозокот дека тоа е единственото решение. Нели е ова одлична ситуација да се приближиме кон тоа решение. Уште еднаш ќе повторам, ние ќе имаме три месеци, терористичката ОНА ќе се разоружа, луѓето ќе се вратат, сите ќе бидат задоволни, па верувајте тие на таков референдум, на така поставени нешта тие ќе гласаат за уставните промени. Тоа е единствениот начин на тие што тука настапуваат енергично, реков, апокалиптично ако не значи со услов, единствениот начин е сите ние да излеземе и да бидеме задоволни. Или пак, вистината е нешто сосема друго.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

... или стравот оди во насока дека не се 3.300 парчиња оружје. Јас сега ова го поставувам како прашање, како дилема, немам одговор на тоа.

(Од место некој пратеник дофрлува - на кого?).

На сите нас 120. Јас се обраќам на Македонскиот Парламент.

Значи, или прашањето е лошо поставено односно тезите се лоши. Навистина нема 3.300 парчиња оружје, нема да се разоружаат тие што се фатиле за оружје во борба за човекови права, нема да се вратат раселените и нема да има мир со тоа што ќе се усвои документот за мир. Јас не можам друга логичка поврзаност на нештата да воспоставам освен една моја желба за мир, ама мир поткрепен со желбата на народот, со желбата и изјаснувањето на овој народ. Мир кој што во едно следство во наредните 3 -4 месеци ќе биде со сигурност утврден, цементиран, поставен на здрави основи, разоружување, враќање во своите родни места на живеење, обезбедување на услови за живеење. Во меѓувреме ќе си оди процедурата јавна расправа за амандмани, па ќе се усвојуваат, ќе се амандманираат тие амандмани, па ќе се дискутира, во меѓувреме ќе не посетат Солана, Робертсон, уште 5 - 10 пати, ќе дискутираме за сите прашања и ќе дојдеме до мир. Или вистината е нешто сосема друго. Дека мир нема да има. Дека нема 3.300 парчиња оружје, дека нема желба за мир, и дека Македонците никогаш веќе нема да се вратат таму од каде што се етнички исчистени.

Имаше грст обвинувања против ВМРО-ДПМНЕ денеска во својата декларираност, да не побудувам раздор во македонското национално ткиво, нема да одговорам на тие обвинувања, се надевам дека сите ние ќе имаме доблест малку да ги замолкнеме тие обвинувања и едноставно мислам дека сето она што го изнесов и го поставив како дилема, го објаснував како теза за сите вас како пратеници, за сите партии, за сите македонски пратеници имаат логичка издржаност и се надевам дека и вие ќе гласате за референдум и со тоа ќе обезбедиме траен мир и спокоен на македонските граѓани, нормално и на сите останати што живеат во Македонија.

Јас со ова сакам да кажам дека завршувам и дека ќе гласам за референдумот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Абдулади Вејсели. (Некои пратеници бараат реплика).

Што, реплика? Чија реплика. Повелете.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, со некои работи се согласувам со г. Филип. Посебно во тоа што вика дека треба да го прашаме народот за повеќе прашања. Апсолутно се согласувам да ги прашуваме граѓаните, односно вработените воопшто во образованието. Како во основно, средно, вишо и високо образование, да ги прашуваме вработените во здравството воопшто дали се тие задоволни со личните примања, со тие плати што ги земаат, а ова го кажувам од причина што имав прилика вчера околу 24 часа да бидам во Медицински центар и патем една медицинска сестра ни објасни дека за 12 часа односно 8 + 4 часа примаат 120 денари. 120 денари значи плус. Потоа да ги прашуваме вработените од тој реон каде бил г. Филиповски во ХЕК Југохром Тетово, Јегуновце, дали се задоволни со тие примања, дали имаат нешто да земат од тоа богатство, или пак во Тетекс, ФАС 11 Октомври итн.

Јас сум на мислење, длабоко сум убеден зошто господине не прашувате што се договориле, верувам дека не поставувате такво прашање од причина што веќе еден договор имаме, од Охрид каде се среетнале четирите лидери на големите политички партии во Македонија, целокупниот разговор, а имаме можност било во 4 очи, било на ниво на партии да дознаеме како тие дојдоа до тој Рамковен договор. Не верувам дека некој од лидерите се договараат за некоја си коалиција, затоа што не може да се крие засекогаш тој договор кога би се договориле биле преку телефон или на некој друг начин, затоа што мора да помине овде во Собранието.

И на крај зошто бара Нова демократија референдум јасно ми е. Но, да биде тој референдум поддржуван од пратеници чиј лидер потпишал во Охрид Рамковен договор тоа не ми е јасно, а тоа личи на народното "зошто селаните трчаат по волкот јасно ми е", но "зошто и ковачот трча по волкот тоа неразбирливо и нејасно ми е".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збро господин Петровски. Да ја завршиме репликата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас Ви благодарам за оваа реплика, затоа што мислам е на ниво, така што немаше нешто посебно на кое би сакал да реплицирам освен да кажам дека јас не изнесов некои тврди ставови. Поставив прашање. Поставив прашање кое што господине претходен дискутант рече дека не

можат да се кријат долго во јавност дека имало или немало некои разговори за нови коалиции и јас апсолутно се согласувам со него дека тоа не може долго да се крие од македонската јавност токму затоа што не може да се крие долго од македонската јавност што најверојатно ќе дојде во овој Парламент сакам да кажам дека навистина е прав момент да се оди на референдум Тезите ги извлеков дека референдумот е референдум за мир, за спокојство, за враќање дома, за разоружување на ОНА, за консолидирање на институциите и сега само ќе дополнам - овој референдум ќе ни даде и време да видиме што господинот Црвенковски и господинот Џафери се договориле. Дали тој договор значел уривање на оваа влада, дали значел поддршка на оваа влада? Дали тој договор бил, ако сакате добронамерен, злонамерен? Дали тој договор одел во насока на тоа да се вратат Македонците дома, затоа што тие се големи лидери, тие имаат можност да помогнат Македонците да се вратат во етнички исчистените села?

Значи, во таа насока јас благодарам за за таа реплика. Мислам дека е соодветна репликата, на високо политичко ниво и во таа насока јас мислам дека не кажав збор кој што го напушта тој концепт, најнормално и културно политичко обраќање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика бара збор господинот Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Апсолутно не сакам да предизвикувам реплики, но верувајте совеста не ми дозволува повеќе да реплицирам, било што да кажувам на господинот Петровски затоа што не сум од тие што претпладне носам калашников во рака, а попладне да се договориме не сум за ова, за тоа. Но, доколку сериозно г. Петровски одлучил дефинитивно овде да се договориме јас повеќе би се зафатил со Петровски затоа што е помлад и ако се договориме во добра смисла за народот и ќе биде среќа за нас, ако за лошо ќе биде заедничка несреќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас ќе се обидам да ги искористам само правата што ми ги овозможува Деловникот, нема да барам ништо повеќе од тоа.

Видете, господин Љутфии, јас сакам да се договориме. Сакам да се договориме да се врати народот од таму каде што е етнички исчистен. Јас мислам дека е тоа нормален договор. Сакам да се договориме работите да дојдат на своето нормално и претходно ниво, да речеме од јануари. И тоа мислам дека не сум оставил простор да има сомнеж во такво нешто. Можеби моите настапи се порадикални, во смисла кога зборувам радикални ја изнесувам вистината па некој го боли. Радикално значи остро, да го преведеме поблиску до македонски. Во корен, па сега некој ако го погодува тоа, не мислам на Љутфии, мислам и на македонци и на албанци, но тоа што сум радикален не значи дека јас сакам на некој да му влеам страв или несигурност. Или пак, да речам дека сум лицемер. Јас сум за мир, меѓутоа, ќе ве потсетам, јас изнесов еден концепт кога г. Црвенковски бараше пред некое време концепт, секој што ќе се спротивставеше на договорот за мир да даде концепт, јас изнесов концепт и јас од тој концепт не отстапувам. Мирот ќе настапи на два начини.

Или ова денеска што го гледам како можност, што се отвора како светла точка на крајот од тунелот, со една процедура на смирување на нештата во кое што траат уставните дискусии, но се подготвуваме за референдум, ја разоружуваме ОНА и сите седнуваме на своите претходни позиции и народот е мирен, се вратил дома, ги гради своите куќи. Тоа што е запалено го реновира, му помагаме сите ние.

Или другиот концепт кој што го спомнав пред г. Црвенковски односно како одговор на г. Црвенковски, а пред македонската јавност, позади кој концепт стојам, а тоа е концептот на татковинска одбрана на државата. Затоа што кога некој ќе ми дојде некој дома и ќе ми каже ти одиси од дома, јас имам право да му кажам нема јас да си одам од дома, ти ќе излезеш од мојата куќа. Тоа е онака симплифицирано, упростено да ви кажам зошто сум резервист во Македонската полиција, ако тоа толку ве интересира. Точно, јас сум спремен во секој момент да ја бранам оваа држава на било која позиција, на било кој фронт. Мислам дека тоа право не сум подготвен да ви дозволам да ми го одземете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,сСлушајќи го колегата Филип Петровски си зедов за право да му реплицирам само во еден дел на неговиот говор, бидејќи сме во

Анкетната комисија за човекови права каде што дебатиравме долго и широко за прислушувањата околу телефоните.

Што се однесуваше до тој дел на неговото излагање, според мене и според тоа што ние дибатиравме во Комисијата за човекови права околу прислушувањето на телефоните, нашиот став беше дека тоа не е вистина и сега се прашувам јас, па и него го прашувам како членови на таа комисија дали верува во тоа дека телефоните се прислушуваат во оваа држава.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Да му заблагодарам на претходниот дискутант уште еднаш што со својата реплика ми дава можност да се дообјаснам, затоа што некои работи остануваат нејасни кога се зборува за вака нејасни теми.

Јас ќе кажам пред македонската јавност дека јас сум еден на кој што често му е прислушуван телефонот. Немам начин да утврдам дека и сега не ми се прислушува телефонот и внатрешно од институции, поединци што си купиле сами прислушни апарати, партии, или не знам што, меѓутоа и надворешно од странски разузнавачки служби, кој знае кој. Меѓутоа, морам да ви кажам дека мене тоа не ме загрижува. Односот кон институции на системот, институции на системот за кој што ќе биде докажано дека прислушувале мој е јасен. Ако некој го злоупотребил државна институција за да прислушува, па макар тоа бил и господинот Црвенковски и Џафери, тој треба да одговара пред лицето на правдата. Јас немам сомнеж и затоа во мојот говор се повикав на тоа дека разговорот сум го прочитал во медиуми, пишани, печатени. А, кој прислушувал треба да излезе пред лицето на правдата. Тоа не значи дека јас сум подготвен поради целта да ги оправдам средствата. Не, јас не ги оправдувам средствата, мислам дека прислушувањето треба да престане, треба еднаш да сватиме дека можеме нормално да разговараме по телефони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Претседателе, јас имам едно прашање, што навистина со нашето присуство тука го потврдуваме тоа дека апсолутно не сме сериозни по одредени прашања за кои разговараме. Ние вчера разговаравме за едно мошне големо прашање за државата и за сите граѓани во Република Македонија и бевме доста присутни. Денес, во салата сме присутни само 25 души и предлагам навистина да се прекине седницата, да се одморат пратениците, па утре да продолжат. Вака нема никаква логика и смисла да дискутираме пред македонската јавност, како да се претворивме во некое еколошко друштво.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците се тука, јас ги молам да влезат.

Меѓутоа сега јас сакав да дадам пауза до 16,40 часот, бидејќи јас имам некои обврски. Во 16,40 часот попладне да се обидеме да продолжиме да работиме.

Може ли така? (Може). Ќе продолжиме со работа во 16,30 часот.

(Пауза од 14,50 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,40 часот, а со седницата продолжи да раководи господинот Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе....

(Господинот Мевљан Таири бара процедурална интервенција и бара да се пребројат пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам колегите што се надвор да влезат во салата.

(Реакции од страна на пратениците дека не треба да се работи без кворум).

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Дали може?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Може. (Бурни реакции од пратениците дека не може вака да се работи со барање за процедурална интервенција или да се овозможи кворум или да се прекине седницата).

Нека говори. Нема процедурално. Колеги, да ве замолам.

Дозволете му на господинот Вејсели нека говори.

Господине Вејсели повелете.

(Бурна реакција од пратениците со барање за процедурална интервенција).

Процедурално, повели.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

(Говори од место без вклучен микрофон). Барам да се избројат пратениците.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам колеги кои сте надвор, влезете во салата. Ајде, ве молам.

(Дофрлување од место, сеуште нема доволен број пратеници за работа).

(Барање за пауза од поедини пратеници бидејќи не може да се обезбеди кворум за работа).

Нема пауза. Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Повелете господине Вејсели имате збор, сега има кворум.

(Дофрлања од место дека не е обезбеден кворум, со барање потпретседателот да го констатира кворумот).

Констатирам дека во салата има мнозинство на пратеници.

Повелете господине Вејсели, имате збор.

Господинот Абдулади Вејсели има збор.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе... (Џагор во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, дали останувате при одлуката да говорите?

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Да, да, но создадете услови. Не сме на пазар.

(Потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, ајде.

(Џагорот продолжува со упатени зборови кон пратеникот Вејсели да говори).

Јас не можам место него да зборувам. Повелете Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине потпретседателе создадете услови да не бидам спречен.

(Потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, денска на дневен ред имаме, за мене не многу значајна тема и можам слободно да кажам и беспредметно после вчерашната седница кога поминаа Нацрт-амандманите што беа тука усвојувани, што отидоа во јавна дебата за да почне и третата фаза, конечното усвојување во ова Собрнаие.

Од друга страна мислам дека предлагачот треба да сфати еднаш за секогаш дека ова е голема штета, оваа Предлог-одлука за распишување референдум е штета за Република Македонија. Дека овој референдум ќе се организира врз етничка основа и каде една заедница која живее во Македонија ќе се определи за, меѓутоа сите други заедници кои живеат во Македонија, кои не припаѓаат на македонската националност, најверојатно ќе бидат против. Што, автоматски доаѓа во предвид да другите заедници кои живеат во Македонија бараат одбранбени механизми со кои што ќе се бранат од еден вид организиран референдум, како што се предлага денеска.

Затоа јас, како пратеник во ова Собрание би го замолил уште еднаш предлагачот да не ги влоши и така влошените состојби во Република Македонија, да го повлече предлогот и да му дадеме шанса на мирот во Република Македонија. Враќањето на стабилноста во Република Македонија, за кој мир и стабилност сме заинтересирани сите граѓани на Република Македонија. Таква политичка волја за мир и стабилност, за просперитет на државата, за понатамошно демократизирање на општеството дадоа и четворицата лидери на најголемите политички партии претставени во овој Парламент, кои потпишаа и Рамковен договор во Охрид.

Јас мислам дека сите треба да бидеме свесни дека носиме една голема одговорност како пратеници избрани од граѓаните на Република Македонија. Ние сите тука треба да бидеме свесни дека сме одговорни и пред одлуките што ќе ги донесеме ние сами.

Има различни видувања во ова Собрание. Некој мисли дека ова Собрание не е компетентно за да донесе одлуки или за пристапување кон измена на Уставот. Јас само едно ќе кажам, тука има тенденции од страна на неколкумина пратеници или некои пратеници што до сега се јавија со сопствените дискусии да го суспендираат Парламентот и целата државата да биде Парламент. Меѓутоа, тоа значи непочитување на институциите. Зошто тогаш ни се потребни избори, зошто ни се потребни институции на државата? Ние сме тука избрани од страна на граѓаните за да ние сами, во нивно име решаваме за доброто на тие граѓани. Да им најдеме или да ги трасираме во прав пат а не да ги трасираме во еден погрешен пат, кој пат ќе биде во бескрај и кој пат нема да не одведе во тоа што е соживот во Република

Македонија, помеѓу сите заедници кои живеат во Република Македонија.

Затоа јас мислам дека во име на соживотот, за понатамошен соживот во Република Македонијак за да не ги влошиме и така влошените меѓуетнички односи во Република Македонија, туку да се залагаме се во функција на подобрување на тие меѓуетнички односи во Република Македонија, овој предлог од страна на предлагачот да биде повлечен.

Од другата страна, мнозинството пратеници потпишаа во Охрид Договор за мир, кој некој, за некого е неприфатлив. Меѓутоа, јас можам да ги сфатам и да ги разберам политичките партии кои што не учествувале во Охрид, во Договорот направен помеѓу четворицата лидери или помеѓу четирите поголеми политички партии. Меѓутоа, никако не можам да ги сфатам политичките партии кои со својот потписии застанаа зад Мировниот договор, а тука во Собранието ги поддржуваат политичките партии кои што не учествувале во тој договор што е постигнат помеѓу албанците и македонците што е постигнат со посредство на меѓународните посредници.

(Џагор во салата, потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето, а пратеникот Абдулади Вејсели чека да се создадат услови да говори).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕСГСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, цело време зборувам, меѓутоа тука имам пречки. Или ќе создадете услови или прекинете ја седницата. Гледате дека нема интерес. Или, сакате со сила да водите една седница што нема интерес од страна на пратениците, а помалку има интерес од страна на граѓаните?

Ние сме пример тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, повелете, говорете.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Не ве молам. Ако некому му се прави муабет во ресторанот, во клубот, таму ќе правиме муабет.

Ако има услови да продолжам, ако не не мора да продолжиме. Да бараме пауза малку да се смират.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, ако сакате сега за секое нешто да барате, па бидете интересни, заинтересирајте ги да ве слушаат.

Немојте да барате од никого да ве слуша со сила. Повелете. Повелете.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Сакам да ги појаснам тезите што беа истакнати тука во Собранието.

Република Македонија во овие поминати месеци беше во една криза. И, сите се залагавме тука да ги елиминираме причините што доведоа до таа криза. И, рековме цело време, 10 години по ред, дека генераторот на кризата во Република Македонија е...

(Џагорот во салата продолжува, а потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

... е Уставот на Република Македонија. И, дојдовме до согласување од двете страни.

(Џагорот во салата продолжува). Нема услови потпретседателе. Не можам. Стварно нема услови. Јас мислам дека е подобро и за вас како претседавач да ја прекинете денеска седницата да продолжиме утре.

Работиме на работ на кворумот. Нема заинтересирани пратеници. Од друга страна...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Вејсели, не сакам да коментирам...

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ама не сте во можност да создадете услови за да имаме непречена работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

... Повелете говорете, не барајте од мене да ги...

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Нема, нема услови. (Во знак на протест пратеникот Абдулади Вејсели престанува да говори и ја напушта салата).

Барање од пратеникот Сејфедин Харуни за процедурална интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Наредниот говорник е Чедомир Краљевски.

(Пратеникот Харуни инсистира на процедурална интервенција).

За што процедурално? Повели, да видиме што е тоа процедурално?

Процедура за тоа што некој сам си отишол од говорница, за тоа нема процедура.

Повелете господине Харуни, имате збор процедурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господо пратеници, гледате сами дека нема

воопшто интерес за седница. Жалам што не можете воопшто да воспоставите ниту ред, ниту мир во самата сала. Плус тоа, немате воопшто ниту кворум за работа, ниту атмосфера има. Дали ќе бидеме ние заробеници на таквото умие?

Барам да се прекине седницата бидејќи вака немаме услови да ги изразиме нашите мислења и дискусии. Немаме можност. Толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Чедомир Краљевски, повелете.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, на нашата денешна седница исправени сме повторно пред една нова одговорна задача, а тоа е разгледување и одлучување за едно многу важно прашање по повод Иницијативата за распишување на референдум, поднесено од две пратенички групи од Демократска алтернатива и од Нова демократија.

На почетокот само би сакал да потсетам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ гласаше за отпочнување на процесот на уставните промени и тоа од неколку причини, а пред се во интерес на ултимативниот, би рекол, мировен процес и желбата за мир во нашата земја, воедно укажувајќи дека е промовиран опасен преседан во меѓународните односи, а тоа е остварување на човековите права по пат на сила, иако сите знаеме дека во нашиот случај и не се работи за човекови права туку се работи за освојување на територии и создавање можности и услови за остварување на сонот за голема држава на албанците.

Во меѓувреме, видовме почитувани колеги, на примерот на последните акции на тероризмот во САД, насочени против финансиска, економска и воена моќ на оваа земја и процесите на глобализација, каква е разорната моќ на тероризмот и какви трагични се последиците од него.

Ние, едногласно ја поддржавме иницијативата на претседателот Буш за обединета борба против тероризмот. Имено, се покажа дека нема голем и мал тероризам и дека истиот има ексклузивитет само за големи или само за мали земји. Тој е подеднакво опасен за сите и затоа борбата протв него мора да биде безкомпромисна и одлучна.

ВМРО-ДПМНЕ од секогаш сметал дека никогаш не се доволни, односно секогаш се потребни иницијативи, разговори па и нова легислатива за унапредување на правата на сите граѓани на нашата држава, но се разбира по мирен пат и низ институциите на системот.

Мојата партија, преку потписот на нашиот лидер, кој го потпиша Рамковниот договор, беше водена од желбата на нашите простори дефинитивно да завладее мир и да се врати спокојството на нашите граѓани. Секако мирот нема алтернатива, но ќе се согласите дека нема алтернатива ниту зачувувањето на територијалниот интегритет на државата и нејзиниот унитарен карактер.

Иако повеќето од уставните амандмани, барем за мене лично се прифатливи и водат кон воспоставување нови квалитети во соживелството, некои од нив на мала врата, а би можело да се каже и на голема врата можат да воспостават односи кои би го нарушиле унитарниот карактер на државата.

Со оглед на историската одговорност на која деновиве често пати се повикуваме, а пред која сме исправени ние, пратениците, секоја демократска иницијатива што би вклучила поголем број субјекти во одлучувањето по прашање суштинско значење за опстојувањето на државата, нејзината иднина и иднината на идните генерации, граѓани, треба да ја гледаме со должно внимание и без напливи на политички маркетинг. Впрочем, ние пратениците и најпрви сме одговорни и сме исправени пред судот на нашите избирачи, нивни постојани барања со кои се соочуваме се и тие да го кажат својот збор за суштинските одлуки за земјата и нејзините граѓани.

Бидејќи морам да ве потсетам, почитувани колеги, дека не се работи за промена на Уставот во само, квантитативно изразено би кажал 1/3. Туку, напротив, се работи за, еве, слободно можам да кажам дека се работи за промена на целиот Устав. Бидејќи, таа 1/3 се работи од есецијално значење, а другите 2/3, што навидум не се во процес на промена, тоа се всушност прифаќање на сите стандарди од меѓународните конвенции што, би рекол се константни и не се променливи. Не можеме ние да го промениме правото на живот, правото на слобода. Тоа е така дадено во сите меѓународни конвенции.

Би сакал да напомнам дека пратеничката група на мојата партија ќе гласа за Иницијативата за референдум од следниве причини:

Референдумите се убедливо најдемократските институти во современите

демократски општества. Да потсетам, тие во земјите со развиена демократија се распишуваат и за најмали, да не речам и банални прашања од интерес на граѓаните.

Во нашиов случај се работи за судбинско прашање за државата па не гледам зошто граѓаните, всушност зошто Меѓународната заедница не ги поддржала и разбрала ова демократско право на нашите граѓани. Ова, дотолку повеќе што преговорите околу Рамковниот договор, за волја на вистината, се водеа прилично нетранспарентно. А, како што знаеме, беше потпишан од само четири лидери.

Се поставува прашањето за потребата за вклучување во мировниот процес и на дополнителни демократски механизми, што воедно, ќе бидат гаранција за успешното имплементирање во практиката. Ние, почитувани колеги, не можеме однапред да го знаеме исходот на референдумот. Но, убеден сум дека вековната мудрост на нашиот народ кој и во најтешките моменти на својата историја знае да го одбере вистинскиот пат и сега би го сторил истото.

Второ, идејата за референдум нема и не смее да го наруши мировниот процес.

Имено, Законот за референдум нуди бројни решенија и видови на референдум и тоа задолжителен, претходен, дополнителен и советодавен. По мое лично мислење, овој последниот, најмногу би одговарал на нашава ситуација, бидејќи истиот не би го кочел мировниот процес, а како што е познато резултатот од овој вид референдум не го обврзува Собранието, не би бил значаен демократски коректив во процесот на донесувањето на така значајни промени како што се уставните промени.

Почитувани колеги, најмногу реагирање во јавноста и нашите избирачи произлегуваат заради решенијата за бришење на македонскиот народ од преамбулата на Уставот и во неговиот нормативен дел. Со што, тој, дефакто, се укинува како народ и се раскрстува со историските факти за создавање на македонска држава и слично.

Веќе сме сведоци за масовната употреба на зборот славомакедонци, дури и од страна на политичари и граѓани на Република Македонија од друго етничко потекло. Едновремено сме сведоци дека уставите на повеќе најразвиени држави во Европа и светот ги содржат одредниците,Француски народ, Германски народ и слично. Можеме ли почитувани колеги да си ја земеме одговорноста да му го одземеме идентитетот на нашиот народ и на неговата држава, без притоа да го прашаме за тоа?

**ЧЕДО КРАЉЕВСКИ:** (продолжение)

Барем за мене тоа би било преголема дрскост од наша страна и преголема одговорност. Заканувањата за некакви паралелни референдуми не држат. Затоа што, едноставно нивниот мотив би бил сосема поинаков, би водел кон сепарација, а тоа би ги потврдило постојните тенденции за рушење на унитарниот карактер на државата. Изразувањето на волјата на народот, барем за мене, е најголема гаранција за мировниот процес, затоа што сите знаеме дека нашиот народ изградил со векови наназад желба и искуство за градење соживот со припадниците на другите националности односно национални малцинства и треба да имаме доверба, како што веќе реков во неговата мудрост и далековидост.

Сосема е извесно, почитувани колеги, дека со бришењето на Македонскиот народ од преамбулата на Уставот ништо не се добива во смисла на јакнење на неговиот граѓански карактер, за кој највисоки стручњаци по право во Европа дадоа исклучителни проценти. Дали со бришењето на одредбата за Македонскиот народ од преамбулата и од нормативниот дел можеме да размислуваме и во насока колку оваа постапка може да биде и генератор на нови кризи во Македонското општество, затоа што се однесува на идентитетот на Македонскиот народ и државата.

На крајот, би го пренел и чувството на нашите избирачи и нивната крајна разочараност од неединството на Македонскиот политчки блок. Последните закани за напуштањето на широката владина коалиција, до колку се прифати одлуката за референдум, уште еднаш го потврдуваат тоа. Избирачите не обвинуваат, ајде да бидеме малку и самокритични, за зборовите, за заборавање на државните и националните интереси во борбата за власт и сл. Велат дека претставниците на Македонските политички партии постојано се караат меѓу себе, си упатуваат тешки зборови, се закануваат со судовите на историјата, со редовни судови, со меѓународните судови и сл., а за разлика од партиите од Албанскиот блок не се во состојба да се договорат ниту за минимум прашања од национален интерес. А, има ли побезболно прашање за меѓусебна согласност од прашањето да се прашаат граѓаните за решението што, пред се, ги тангира нив и иднината на нивните деца. Во оваа смисла ниеден договор или со други

зборови дадено ветување, неможе да биде посилен аргумент од потребата да се консултира сопствениот народ. Што би можеле да значат последните закани или ултиматуми за напуштање на коалиционата Влада. Дали е на повидок нова коалиција на СДСМ и партиите на албанците кои по доведувањето до нова владина криза при евентуално излегување од Владата треба да го заземат кормилото за водење на државата. Дали и за тоа не треба да се праша народот.

Јас, почитувани колеги, за разлика несакам да му реплицирам на колегата Илија Илоски, но сега еве ќе искористам во мојот настап да кажам дека за разлика од него имам апсолутна доверба во народот и во демократските институции. Тој народ го сметам за мудар и не се сложувам со колегата Илија Илоски дека народот нема поим зошто одлучува. Напротив, сметам дека кога веќе тој народ е ставен во функција да бира и одлучува, тој тоа го чинел и го чини сосема рационално и одговороно. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, го користам моето деловничко право за реплика, бидејќи бев спомнат по име и презиме. Јас незнам каде Г. Чедо Кралевски во мојот говор сретна дека јас Илија Илоски или мојата партија немаме верба во народот. Апсолутно негирам дека прво тоа сум го кажал. Можеме да ги погледаме стенограмите. Јас веќе во оваа пауза успеав да ги имам пред мене и барам да се извини за ваквите лаги изнесени од говорницата.

Второ, тврдам дека никаде во светот, во ниту една нормална држава не се организираат референдуми со вакви прашања каде што доаѓа до етничка поделба на граѓанството. Тоа го нема никаде во светот. Точно е тоа дека референдумот е најсилна демократска институција во правниот поредок на една земја, народот да се изјасни за витални прашања од неговиот интерес. Меѓутоа, досега никаде не сме сретнале во историјата по вакви прашања да се организираат референдуми. Токму ако се сврти однаопаку тезата, токму од неговиот говор се гледа дека тој нема доверба во сопствениот народ и токму сопствениот народ сега си го става тоа на тапет да се изјаснат што мислат по ова прашање. Па, фала богу, се знае како ќе се изјасни народот по ова и по останатите прашања.

Што станува со пратениците кои сме избрани од својот народ и нам ни е даден мандат во негово име да одлучуваме и за виталните интереси, бидејќи и сите законски проекти кои се однесуваат на судбината на овој народ ние ги носиме во овој Парламент, сега се покриваме под плаштот на народот и се криеме пред вистината и пред стапицата да се послужам со дел од мојот говор, во која сега сме фатени сите ние заедно. Мислам дека ова упорно инсистирање да се оди на референдум по ова прашање не е ништо друго, освен криење зад грбот на народот. И, како што спомнав на крајот од мојот говор, упорно тврдам ова што јас го знам од теренот и што разговарам со граѓаните. Не разговараат само пратениците од левата моја страна со граѓаните, на народот му е преку глава од референдуми. Народот во овој момент сака мир и сака економски просперитет и враќање на нормално живеење, а не сака секој ден да го подлажуваме и да го ставаме на тапет, да го прашуваме и дури потоа како мисионери да одиме меѓу народот и да кажуваме, ова ако се изгласт овие што го потпишаа четворицата се предавници и тоа било најголемото предавство на Македонија. Го прашувам Г. Чедо Краљевски, додека ја одолговлечуваме оваа процедура кој ќе биде виновен ако вечерва загине уште едно дете во Македонија. Само тоа би го запрашал. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Чедо Краљевски, реплика.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Добро, што се однесува до стенограмот, јас во моментот не го имам стенограмот, но ако дозволи колегата Илија Илоски да го прегледам утре, би ви одговорил каде се наоѓа. Сега, во овој момент неможам.

Уште едно прашање, зошто толкав страв од народот за изјансување и од слушањето на народната волја. Незнам зошто таква фобија има г-динот Илоски за таа работа. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да не го коментираме говорот на едниот и на другиот, ќе видат дека има таму над 51 се со основно образование, што тие разбираат. Тоа е дел од стенограмот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој ви дава такво право, кој стенограм е. Излезете и реплицирајте на говорница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете, кој е наредниот. За реплика се јавува Г. Ѓорѓи Котевски.

Те молам Г- Котевски после ќе имате реплика.

За збор се јави Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, можеби не забележавте или се правиме дека не забележуваме, меѓутоа, по она укажување од страна на претседавачот на оваа седница дека Г. наш колега Абдулади Вејсели, не се слуша неговоиот говор, заради тоа што не говорел интересно и заради нетолерантноста кон неисто мислечките, меѓу другото, двете парламентарни групи и на ПДП и на ДП ја напуштија оваа седница и не присуствуваат во понатамошната расправа. Меѓутоа, сега сакам да погледнете зад вашите клупи и да го видите што значи тоа. Тоа значи дека оваа дебата за предлогот да се распише референдум или да не се распише референдум ја водат пратениците од другите пратенички групи. СДСМ ги изнесе своите аргументи и сметам дека дури и другите пратенички групи досега ги изнесоа своите аргументи. Сето она што отсега па и натаму ќе се случува во врска со ова прашање е една јалова дебата во која што едни на други ќе си докажуваме кој од нас е поголем демократ, само заради тоа што тој смета дека треба да има референдум и да се почитува волјата на народот или пак е многу недемократичен, затоа што смета дека референдумот не е баш најдобар начин да се одлучува за ова прашање. Сметам дека, всушност, ваквата дебата е доста јалова и само покажува дека на Македонија можеби и е потребен само еден единствен референдум за кој што сум убеден дека ќе биде успешен, а тоа е референдум за распуштање на ова Собрание. Никој од нас не се сомнева во тоа дека референдумот е несомнено демократско средство. Дека референдумот е начин за консултирање на политичката волја на граѓаните по одредено прашање и дека тој како институција на демократијата е застапен во сите современи услови во светот. Меѓутоа, СДСМ изнесе дека смета за ова прашање не треба да биде одржан референдум од три основни причини.

Првата основна причина заради која што сметаме дека за ова не треба да се гласа на референдум е тоа што вчера ова Собрание го усвои нацртот на амандманите на Уставот односно ги утврди нацрт амандманите на Уставот и од денеска тече јавната расправа по повод нацрт амандманите. Јавната расправа е исто така начин за консултирање на политичката волја на граѓаните. Пратениците, до колку сметаат, дека во рамките на таа јавна расправа се покажало дека политичката волја е против усвојувањето на тие амандмани, ќе имаат можност овде во оваа сала да гласаат против нивното усвојување и да го запрат тој процес без било каков референдум. Меѓутоа, и во јавната расправа, пратеничките групи имаат право не само да го слушнат мислењето на јавноста, туку истовремено да влијаат врз обликувањето на политичката волја во согласност со сопствените сознанија за содржината на промените на Уставот. Во која насока ќе делуваат пратеничките групи или учесниците на коалицијата, практично, на широката владина коалиција, тоа ќе го видиме во рамките на јавната расправа. Меѓутоа и без референдум пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има можност да не бидат изгласани уставните амандмани, доколку, како што рече нејзиниот координатор, смета дека тие се ултимативно донесени, до колку смета дека тие, всушност се амандмани во насока на засегнување на територијалниот интегритет на Македонија и обезличување на националниот идентитет на Македонскиот народ. Секако, пред тоа, секогаш треба да имаат на ум дека за тоа за што го обвинуваат што содржел Рамковниот договор е потпишано од страна на нивниот лидер и актуелен премиер на РМ.

Втората причина, заради која што сметаме дека не треба да има референдум за ова прашање е тоа што, она за што би требало да се изјаснуваат граѓаните на референдумот е само едно од прашањата што се содржани во Рамковниот договор или т.н. мировен договор. Имено, Рамковниот или мировниот договор се состои од три основни елементи. Едниот елемент е воведување на нови или иновирани и изменети основи нормативни или институционални за заедничкото чивеење во РМ.

Втората димензија е планот за разоружување кој што веќе се спроведува со учеството на НАТО силите во Македонија и третата димензија е планот за враќање на довербата во РМ, настаните на конфликтот. Овој Договор не само што го имаат потпишано освен лидерите на политичките партии во овој Парламент, туку своите потписи на него ги ставија и претседателот на Републиката, го ставија и претставниците на САД и на ЕУ. И не само тоа, тие

присуствуваа на потпишувањето на тој договор и истовремено превземаа обврски во врска со тој Договор. Тоа значи, дека само врз основа на потпишувањето на Договорот во Македонија, на барање од нашата Влада и по покана од нашиот врховен командант влегоа над 5.000 војници на НАТО кои што таа операција само НАТО го коштаат некаде над една милијарда марки како што беше објавено, а дека првиот ден кога е потпишан договорот ЕУ на Македонија како знак за охрабрување и додели дополнителни финансиски средства за реализација на планот за враќање на вербата која што подразбира средства за обнова на разрушените домови, на разрушените куќи и обезбедување услови за безбедно враќање на луѓето од иселените делови на Македонија.

Третата причина, од таму од друга страна тој план така усвоен во трите негови димензии и истовремено и временски исто така координира.

Значи, завршувањето на акцијата на НАТО е поврзана со завршувањето на акцијата на уставните промени. Запирањето на акцијата со уставните промени истовремено би можело да значи запирање на акцијата на НАТО, и би можело да значи истовремено запирање на финансиската помош во врска со обновата на регионите и во таа насока всушност значи запирање или повлекување на потписите од мировниот процес и враќање во една насока на нови политички разговори и преговори во Македонија, кои што дополнително би можеле да ја искомплицираат целокупната состојба во државата.

Третата причина заради која што СДСМ е против тоа да се решава за вакви прашања на референдум е тоа што сметаме дека референдумот иако е демократско средство не секогаш во историјата и во земјите бил користен за остварување на демократски цели. Ние бевме сведоци на една соседна држава во која што нејзиниот вожд Милошевиќ а и лидерит на етничките групации во Босна многу често применуваа референдумско изјаснување и тие беа оние кои што ја промираа политиката на антибирократска револуција, или политиката на случувањето на народот во која што всушност со помош на изманипулирани референдуми се обидуваа секогаш да докажат дека тие не прават ништо друго само ја спроведуваат волјата на народот. Со помош на такви референдуми ја донесоа државата во многу незавидна ситуација особено кога со помош на такви референдуми се обидуваа да ги решаваат и проблемите на Косово и меѓуетничките односи за кои што е сосема познато дека неможат да се решаваат со проблем на надгласување на малцинствата кои што живеат на територијата на било која држава.

Тоа се трите основни причини заради кои што сметаме дека не е умно, но, не и легитимно да во овој момент да се усвои одлуката за гласање на референдум. Меѓутоа, сметам дека ние не треба воопшто да го оптоваруваме народот со тоа кои се разликите во нашите ставови по ова прашање. Ако страната која што го заговара овој референдум толку е убедена во таа работа, таа има доволно гласови да го изгласа тој референдум и јас ви предлагам што е можно покусо да ја прекинеме дискусијата по ова прашање и да поминеме на гласање, кое ќе покаже всушност кој што сака да направи. Ако некој решил да го прекине мировниот процес на еден или на друг начин сега можноста му е многу голема. И сакам да кажам уште два збора во врска со националното единство.

Со оглед на тоа што колегите на ВМРО-ДПМНЕ не обвинуваат дека некој тука го нарушуваат националното единство, сакам во врска со него да кажам. Националното единство во една држава, е многу добро кога се чувствува, кога се создава врз здрави основи и за постигнување на здрави цели. Национално единство имало и во време на фашизмот, и тоа многу високо национално единство. Национално единство имало и во време на Сталинизмот, национално единство имало и во врз национал-шовенистички основи. Меѓутоа, таквото единство во тие држави, изманипулирано и создадено со сила и со притисок било во насока во која што ги однело тие држави во многу погрешна насока.

Според тоа сакам да ви кажам една работа, СДСМ беше партијата која што предложи да се содзаде Влада на широка коалиција, Влада на национално единство се со единствена цел. Да можиме сите релевантни политички сили застапени во овој Парламент да седнат и да разговараат и да утврдат платформа на која што ќе се води политичкиот дијалог и на која што ќе се постигнат одредени резултати.

СДСМ сметаше дека тоа е начинот и во рамките на таа Влада во рамките на тие преговори соработуваше до мерата до која што тоа беше усвоено и прифатено. Ако сега некој има некакви поинакви идеи во целата таа работа ќе треба тоа да се обиде да го направи исто така преку обид за

постигнување на политички компромис, а не преку некакви идеи кои што едноставно нити ги проверува, нити се обидува на некој начин да ги промовира, да ги објасни или да едноставно за нив разговара.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Немојте да обвинувате дека сега некој сакал да го наруши македонското национално единство наспроти албанското национално единството кое во Македонија било евидентно, само затоа што СДСМ има сосема поинакво видување во однос на она што вие сакате да го постигнете со помош на референдумот или она што вие сега сте го согледале многу отпосле откога вашиот лидер Љубчо Георѓиевски ставил потпис на она што вие сега го нарекувате национално предавство или велепредавство или засегање на националниот идентитет на македонскиот народ. Очигледно дека проблемите се кај вас внатре, а не надвор и со другите политички партии во Македонија. Кога тие проблеми ќе ги решите, тогаш ќе биде се поедноставно.

На крајот, навистина ме чуди оваа мала парламентарна група која себе се нарекува Нова демократија, да излегува со вакви идеи. Од Нова демократија не очекувавме толку стари идеи за решавање на прашањата во Република Македонија.

На крајот сакам само да ви кажам дека СДСМ влезе во оваа владина коалиција со цел да создаде политичка атмосфера во Македонија, со цел да создаде политичка волја сите релевантни политички субјекти навистина учествуваат во најдобриот можен начин за излегување од кризата во која што не воведе претходната Влада, за излегување од кризата во која не воведе во војна таа Влада. Практично го дадовме својот придонес за доаѓање до еден политички договор кој ги содржи овие три дела за кои говорев и за кои се надеваме дека Македонија ќе најде сили да го реализира на начин на кој ќе успее да го реализира, со сите потребни корекции кои можеби ќе дојдат како резултат на јавната расправа по утврдените Нацрт амандмани на Уставот.

Меѓутоа, немате право на некој начин да обвинуватд дека ако СДСМ сака да излезе од таа коалиција само затоа што некој решил да го минира целиот тој процес и повторно Македонија да ја воведе во војна, тогаш во нас не барајте соработка, од нас не барајте солидарност, од нас не барајте да бидеме единствени во таквите цели кои вие ги поставувате. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Спанаков се јави за реплика.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, од името на пратеничката група на Нова демократија морам да реплицирам на излагањето на господинот Ѓорѓи Спасов во врска со тезите што ги искажа на говорницата околу одржувањето или неодржувањето на референдум или околу потребата за одржување или неодржување на референдум во Република Македонија.

Иако сме мала партија, со четири пратеника, сепак мислам дека размислуваме во одредени сегменти потрезвено од некого и можеме во одредени моменти да понудиме одредени работи и решенија кои мислам дека би требало да бидат прифатливи за сите. Ако се вика дека е компромис на кој губат сите, јас мислам дека сепак постои можност да се направи решение кое ќе биде прифатливо за сите. Тоа е разликата во размислувањето на поедини политички партии тука во Собранието и надвор од Собранието. Сепак сметам солуцијата да се бара решение кое ќе биде прифатливо за сите е многу подобро отколку да се оди на солуцијата - компромис од која ќе бидат незадоволни сите. Тоа е првата работа што сакав по тој основ да ја кажам и покрај тоа што сме релативно мала партија по број на пратеници.

Имено, тезите на господинот Ѓорѓи Спасов зошто СДСМ нема да гласа за одржување на референдум потполно ги разбирам и околу тоа немам намера многу да коментирам, но јас би ги поставил работите на малку поинаква основа. Имено, утврдени се Нацрт амандманите на текстот на предлогот на промени на Уставот и јас да ви кажам право цело време гласавме околу таквите нацрт амандмани воздржано, затоа што сметавме дека сепак во таквите нацрт амандмани постојат решенија кои ќе бидат прифатливи за сите. Тоа е разликата во нашето размислување и размислувањето на другите политички партии.

На тој начин треба да кажеме дека со утврдувањето на текстот на Нацртот на амандманите сега ќе се оди на јавна расправа и дека тоа ќе биде еден вид референдумско изјаснување на институции понатаму на невладини организации, стручњаци по таа област и

тоа е во ред како такво, го прифаќаме и сфаќам дека такво би требало да биде.

Меѓутоа, ние априори рековме дека не сме против Рамковниот договор во Охрид, туку сакаме таквиот Рамковен договор кој го потпишаа политичките лидери на четирите најголеми политички партии во Република Македонија односно парламентарни партии не да го ставиме на потврда само кај граѓаните, туку да овозможиме граѓаните по тој договор кој претставува политичка волја да се изјаснат не со цел да биде отфрлен Рамковниот договор, туку со цел да биде потврден за да може по случувањата кои се присутни во Собранието, а тоа значи по евентуалните промени на Уставот кои следат по таквиот Рамковен договор да не предизвикуваат натамошни кризи во државата, тоа е првата цел која сакаме да ја постигнеме, превенцијата на можни кризи после евентуалното усвојување на уставните промени. Тоа е првата работа.

Втората работа за која сакам да кажам дека ние кога го поставивме барањето за референдум не го ставаме целиот Рамковен договор од Охрид на истпит, затоа што содржината на Рамковниот договор воопшто не сакаме да спориме дека одредени елементи во него се потполно исправни, туку ние го ставаме на испит кај граѓаните делот за уставните промени.

Најпосле, третата забелешка која беше, а која беше временската координација на планот кој план во Охрид таканаречен Рамковен договор сега се крсти мировен договор, јас повторно ќе повторам и на средбата на координаторите истакнав дека таквиот договор во Охрид воопшто не претставува мировен договор, затоа што ако се крсти како мировен договор, тоа значи договор помеѓу две завојувани страни кој се потпишува под одредени други услови. Околу тоа не сакам многу да полемизирам и мислам дека сите колеги кои употребуваат овде на говорницата термини треба да водат сметка какви термини употребуваат.

Понатаму, слушнавме уште една теза од типот на тезата за изманипулирани референдуми во соседна држава, конкретно во СФРЈ, односно Србија, во која целта на референдумот ги оправдуваше средствата со која таквиот референдум беше спроведуван.

Имено, овде целта на овој референдум е токму да се спречи манипулацијата со македонскиот народ во Република Македонија. Да се спречи точно она што политичките лидери го потпишале сметајќи дека имаат поддршка од народот, од граѓаните. Затоа сакав да кажам дека најдобро би им било да си го проверат политичкиот договор од Охрид кај граѓаните за да видат кој всушност прави манипулација со македонскиот народ. Благодарам на вниманието.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Прво би сакал да го прашам господинот Спанаков, со оглед на тоа што се претставува како голем демократ во врска со референдумот, што е тоа што тој ќе им го сугерира на граѓаните на Македонија, како претставник на една политичка партија, која предлага референдум во врска со референдумското прашање. Бидејќи тоа гласи: "Дали сте за уставни промени или сте против уставните промени". Тоа е едната работа. За да биде јасно всушност зошто тоа го бара референдумот, бидејќи смета дека референдумот треба да претставува корекција на лошата политичка волја или политичка одлука на политичките лидери во Македонија. Тоа е едната работа.

Втората работа со оглед на тоа што тој вели дека за разлика од државите во кои постоеле изманипулирани референдуми во Македонија, всушност, ќе се одржи еден чесен референдум кој всушност ќе ја спречи политичката манипулација со граѓаните на Македонија, би сакал да го прашам да ми одговори што мисли тој за чесноста на референдумите во земја во која бевме сведоци на груби фалсификувања дури и на изборите. Дали во земја во која се можни фалсификувања на изборите не е можно фалсификување на политичката волја на граѓаните на референдум, затоа што истите изборни тела и комисии треба да го спроведат и референдумот, особено ако тоа се прави однапред со политичка волја, вака изразена како што е сега изразена. Тоа се двете основни прашања кои мене ме интересираат да ми одговори.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Опростете господине Ѓорѓи Котевски, сега влегоа во директен дуел.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, нема да бидам долг, накратко ќе се потрудам на господинот Спасов да му објаснам што е целта на целата суштина на дискусијата.

Политичкиот договор од Охрид кој е внесен во Рамковниот договор е целта да се постави на испит кај граѓаните. Со

никаква друга цел, затоа што доколку таквиот Рамковен договор кој е потпишан во Охрид посебно во делот на уставните промени, затоа што референдумското прашање гласи - Дали сте за уставни промени предвидени со Рамковниот договор, а не гласи дали сте воопшто за прифаќање на идеите и целите од Рамковниот договор. Тоа мислам дека е една суштинска разлика која што треба да се прифати, затоа што уставните промени предвидени со тој Рамковен договор, како што видовме и тука на седницата кога се утврдуваа Нацрт амандманите, посебно во делот на амандманот IV, каде што од Преамбулата на Уставот се брише терминот македонски народ, всушност е голема работа. Според нас, за таквото нешто треба да се прашаат граѓаните. Според тоа, доколку ме праша што ќе им одговорам на граѓаните и што ќе зборувам пред нив, кога ќе дојде ред да им објаснувам зошто го бараме референдумот и како ќе настапувам, јас ќе речам вака, со овие зборови: Не се сложувам да се избрише македонскиот народ од Преамбулата на Уставот на Република Македонија како термин. Тоа е број еден.

Второ, одредени работи кои што треба во Уставот да се промената како тесна рамка за сожителство помеѓу различни, да не го употребам терминот различни етноси, но да употребам помеѓу македонскиот народ и малцинствата кои што живеат во Република Македонија се предмет на дискусија од поодамна. Затоа сметаме дека во одредени елементи тој Устав треба да се промени, за да се овозможи она што вашите почитувани колеги албанци често го говорат дека Уставот всушност претставува извор моментално на кризи во Републиката Македонија затоа што тие се осеќаат како граѓани од втор ред. Тоа е она што сакам да го кажам и јас ќе им советувам на граѓаните следново:

Прво, би кажал дека можно, бидејќи гледам дека овде повеќе колеги пратеници во дискусиите, затоа реков дека не сакам да реплицирам во овој момент, меѓутоа морав да повлечам реплика дека возможно е ние да го промениме прашањето кое го поставуваме за референдумот, се со една цел да видиме дека во одредени моменти, одредени категории кои што стојат сега во Преамбулата, како што е одредницата македонски народ, мислам дека не треба да се избрише. Доколку пратеничките групи изразат желба да сето тоа го решиме на начин кои ќе биде прифатлив за сите, тогаш во тој случај можно е, доколку се постигне таков договор и друга солуција. Меѓутоа, треба да се покаже и произјави желба за разговор. Целта на сето ова што го поставуваме е разговор и само разговор, затоа што јас викам вака: подобро 100 дена да разговараме, отколку да донесеме одлука која што ќе биде многу брзо донесена и мислам дека Рамковниот договор беше и точно така направен. За месец дена беа донесени извонредно важни одлуки кои што понатаму ќе носат реперкусии. Доколку постои таква желба за разговор по тие прашања, ако се најде солуција, решение кое што ќе биде прифатливо за сите, тогаш мислам дека можат да се променат многу работи. Меѓутоа, треба да се покаже желба за разговор. Целта за сето ова е токму тоа. Да се разговара и само да се разговара. Никако да се оди по она, како што цело време бевме фактички и поставени во една ситуација, или го прифаќате ова, или имате војна. Значи, дефакто ви викаат или прифаќате ова што ви го нудиме, или имате војна, со што јас да ви кажам во принцип не се согласувам. Секогаш има трето решение. Меѓутоа, тоа трето решение треба да се бара.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Господинот Спанаков штотуку ја потврди целосната беспредметност на оваа расправа. Тој имено во овој момент кажа дека всушности ние немаме точка на дневниот ред.

Имено, тој всушност кажа дека тоа што го предложиле како точка на дневниот ред, а кое што гласи: "Расправа за референдум по референдумско прашање, со тоа дали сте вие за уставни промени во согласност со Рамковниот договор", дека веќе од сега како предлагачи не важи. Всушност, тој смета дека тоа што го ставиле на дневен ред дополнително, во консултација со другите парламентарни групи би можело да се преформулира во нешто што би можело да значи дали референдумско прашање од сосема друг вид кој што можеби ќе значи дали сте вие за промена само на некои делови од Уставот, со кои што Нова демократија не се согласува.

Оттаму, господине потпретседателе, ви предлагам истиов момент да ја прекинеме седницата на Собранието, да и дадеме можност на Нова демократија да го видоизмени нејзиниот предлог, да ни каже за што всушност ние расправаме, што

всушност тие предлагаат, па потоа кога ќе имаме јасен предмет на расправата, да можеме да ја продолжиме расправата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ѓорѓи, сега е општа расправа за поставеното прашање на дневен ред. Кога ќе дојде да се говори за составот, за значењето, суштинскиот дел, материјалната расправа, тогаш можеме да разговараме на една ваква тема. Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, излегов со една единствена цел. Поведовме добра расправа. Без многу силеџиство и без тешки зборови. Мислам ова е начинот и стилот на кој треба да се расправаме и прифаќам ваков разговор во Собранието на Републка Македонија. Се согласувам со одредени констатации на господинот Ѓорѓи Спасов, имењакот Спасов. Се согласувам, бидејќи навистина оваа расправа околу донесувањето на одлука за распишување на референдум требаше да се одржи пред донесувањето на иницијативата за измени и дополнување на Уставот на Република Македонија. Но сепак, тоа не значи дека ние таа започната процедура не треба да ја завршиме и денес, иако, пак се согласувам дека е ова јалова расправа и со толкав број на пратеници што ги имаме овде, не е можно ниту да се изгласа одлуката за референдум. Јас излегов со една друга намера. Сакам да ме сослушате. Не е прашањето сега од кога настанаа сите овие проблеми како да ги решаваме. Секогаш работите треба да се пресретнуваат на самиот почеток.

Прво, господине имењак Спасов, јас сум пратеник исто како и ти што си пратеник во ова Собрание на Република Македонија. Мене никој ниту ме консултира за вашите разговори во Охрид, ниту ме праша апсолутно како пратеничка група или вашата пратеничка група, пратеничката група на Нова демократија и тн. Од каде сега вие баравте, седнавте во Охрид, со одредени експерти, стручњаци, незнам колку беа стручњаци, во правилна и нормална држава, дипломатска држава, тоа се прави на сосема друг начин. Седнавте, се договоривте како што се договоривте и сега за да си ги измиете рацете, вие ми велите: Почитуван колега Котевски, те молам за овој Договор да ми гласаш во Собранието на Република Македонија, а пред тоа за ништо апсолутно не ме консултира. Кога сте биле толку моќни како преговарачи, како потпишувачи на тој договор, зошто во дело не си го спроведовте, туку го донесовте во процедура во Собранието на Република Македонија и барате покритие од нас, т.е. ние треба да го изгласаме. Значи, вие на некој начин сте излегле вонинституционално да преговарате, вон институционално. Јас ги почитувам сите лидери на политичките партии, но лидерите на политичките партии не можат да си дадат таква преголема слобода и во името на граѓаните, во името на народот, да прават таков договор и после тоа да се врши притисок индирекно или дирекно на пратениците, дајте сега ние да го изгласаме во Собранието на Република Македонија.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Не се согласувам со една постапка што вие господине Спасов ја дадовте овде. Кажавте референдум во Србија, војна во Србија, во Хрватска се вождовите и тн. Еве да ве побијам со тоа мислење што ми го подметнувате.

Ако во Србија имаше вожд, во Хрватска имаше вожд, во БиХ исто така, Алија Изетбеговиќ. Во Македонија беше најголемиот миротворец, госпдинот Киро Глигоров, поранешен претседател. Имавме оаза на мирот. Поминавме со него доста време со оазата на мирот. Добивме нов претседател поддржан од Западот, западно ориентиран, граѓанинот Борис Трајковски за вашата пратеничка група, што не го признававте, велевте насилно е избран како претседател на Република Македонија. Исто така, примивме толку илјади бегалци од соседно Косово. Не примија толку во Албанија, колку што ние примивме. На нашиот слаб грб ги издржавме сите работи. Од каде сега наеднаш вие ни потпикнувате едно прашање со кое ни укажувате дека во Македонија, со референдум повторно сакаме некои други цели да оствариме во државата. Ние веќе имаме волја во Република Македонија. Ние веќе имаме окупирана територија. Која е таа теза дека вождовите со вакви референдуми во државата ќе направат нешто. Апсолутно не. Погрешна е работата на самиот почеток. За секое такво, тешко, круцијално прашање, кое навлегува во интимата на човекот, навлегува во неговата традиција, обичаи, навистина треба, ако не целиот народ, меѓутоа политичките претставници на тие политички групи, треба да бидат запознаени и да имаат барем минимум, господине Спасов минимум согласност за да се направат таквите промени во Уставот на Репбулика Македонија.

И уште една работа и завршувам. Со овие промени од Охридскиот договор почитувани пратеници, има прашања кои немаат врска со човековите права. Но, со ниедна конвенција наредната собраниска седница ќе ги донесам еден куп, ги имам сите и ќе ви ги читам доследно, да видите за што станува збор. Ве молам, вие направивте капитална грешка и таа грешка сакате да ја оплакнете. Меѓутоа, овој пат и во Собранието на Република Македонија после јавната расправа мислам дека тешко ќе одат овие измени на Уставот на Република Македонија.

На крајот, да завршам. Со никакво потценување, со никаков раздор. Вие гледате и сите гледаме, со кого дебатира денеска Собранието. За секоја една работа каде она наше единство е ставено под знак прашање, ние сме во потполно фијаско. Сега не треба на некој друг да се лутиме, ако некои работи овде ги изнесеме отворено да проговориме за да не ни се случува во иднина. Јас сум уверен дека ниту овие измени на Уставот на Република Македонија нема да значат мир, ќе бидеме живи господине Спасов и со твоите социолошки истапувања, политичко-правни истапувања и теоретски расправи нема крај. Животот е премногу практичен за ние така неодговорно да се однесуваме. На терен имаме една состојба, а овде практицираме сосема нешто друго.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас ќе му укажам чест на мојот колега Ѓорѓи Котевски, ќе му одговорам овде од говорницата затоа што јас немам други зборови освен да кажам дека вистина него го жалам, а и целосно го разбирам. Човекот не бил консултиран. Човекот не бил информиран, човекот бил изманипулиран, и апсолутно луѓето што биле во таква состојба имаат апсолутно право вака денеска како Ѓорѓи Котевски да разговараат. Меѓутоа, кога започнаа политичките разговори со посредство така да кажете или со учество или со присуство на луѓе од НАТО од САД од Европската Унија, тие поставија едно единствено прашање кое што беше многу релевантно. Дали оние што дошле да разговараат во Охрид имаат легитимитет, дали имаат легитимитет од страна на нивните политичките партии, од страната на нивите парламентарни групи да разговраат и да потпишат нешто таму што потпишуваа. А во разговорите од страна на ВМРО-ДПМНЕ учествува: Љубчо Георгиевски, Доста Димовска, Марјан Ѓорчев, потоа Војо Михајловски и многу други. Си претпоставувам дека политичкото раководство на ВМРО-ДПМНЕ можеби правело нешто зад грбот на сопствените пратеници. Правела нешто зад грбот на сопствената партија. Меѓутоа, ниту еден момент тие таму не рекоа дека тие немаат легитимитет, немаат такво право, немаат такво овластување да се согласат на потпишување на еден таков политички договор врз основа на кој што и меѓународната заедница си превзема некакви обврски спрема Македонија и како што гледаме полека ги исполнува тие обврски. Оттаму сега е централно прашањето. Ако тие луѓе вас не ве информирале, ако тие не ве консултирале во текот на правењето на тие разговори, ако тие ве изманипулирале, ако тие направиле предавство зад грбот на ВМРО-ДПМНЕ и неговата парламентарна група, тогаш не не обвинувајте нас од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Ние во текот на преговорите бевме информирани. Ние во текот на разговорите имавме редовни консултации со нашиот Централен одбор и со нашата парламентарна група и нашиот однос кон тој Рамковен договор е сосема единствен и е јасен. Според тоа ако вие имате некаков проблем со манипулацијата тогаш бидете убедени дека таа манипулација не ви ја направил вас Социјалдемократскиот сојуз ниту некој друг од другите учесници во разговорот. Туку ви е направена од страна на оние на кои што можеби со право имате да им се лутите. И уште една работа само на крајот. Никој од нас не тврди дека ова е гаранција за траен мир во Македонија. Меѓутоа, сите ние колку што не има како политичари мораме да вложуваме напори во создавањето на претпоставки за траен мир во Македонија. Ова го сметаме за едно од вложувањата за создавањето на претпоставки и од секој од нас, од многумина од нас ќе зависи дали вистина ќе имаме траен мир во Македонија. Така што прифатете го тоа само како влог во иднината на Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван Спасов. Прво немој воопшто да ме жалиш. Мислам себеси можеш да се жалиш, апсолутно не сум на таков степен дојден некој да ме сожалува. Мојот ум и разум доволно е свесен што направивте во Охрид и колку постигнавте и која беше вашата политичка волја и дали имавте

легитимитет тоа да го правите. Меѓутоа, немој да ми подметнуваш дека јас сум бил изманипулиран од мојата политичка партија во пратеничката група. Едно е ти предвреме да го направиш договорот, да го завршиш тоа како финален документ, а тек после да се договараме во Собранието на Република Македонија. Јас зборувам за самиот почеток. Вие уште тогаш кога бевте притиснати требаше да кажете. Браќа за нас ова е преголем залак. Дајте на сосема поинаков начин ова прашање да го решиме. Или пак ако го решаваме, ако станува збор за човекови права и за надминување на ова состојба, дајте со тимови експерти ние во оваа држава имаме и  Академија имаме и Правен факултет имаме секаде што можеме да видиме до каде треба да одат овие работи. И на крајот повратно да се врати во политичките партии. А не да ми подметнувате дали сум бил јас изманипулиран или не. Мојот став беше јасен и првиот пат кога зборував и сега и минатиот пат кога зборував, апсолутно немавте право на такви преговори. Тоа е целата работа овде. Тоа беше преголем залак за вас. Поготово за луѓе кои не сте од таа област да изигрувате експерти. Да, како политички лидери. Но како експерти не. Затоа што и господинот Буш во Америка е сега претседател на една најмоќна држава, но тој има илјадници советници за одредени области и тој неможе се да знае. Затоа велам дека го погрешивте патот. И затоа сметам дека и во иднина одредени вакви суштински прашања кои од корен го менуваат политичкиот систем, конструкцијата на државата навистина треба подлабоко да се размисли и треба да се изнајди друг облик. Тоа е цело прашање. А не откако ќе се заврши цела работа, се направи злото, дајте почитувани пратеници, заради мирот во куќата ќе имаме мир, дајте вие сега изгласајте го ова, па ќе пуштиме спотови на радио, на телевизија, ќе ги поткупиме сите телевизиски куќи или радио приемници и сега ни го бомбардираат умот на здрав разум. До кај стигнавме, јас сум потценет, понижен. Јас како Ѓорѓи. Понижен, потценет заради сето ова што ни се случува и што не пикнавте во ваква каша. И немам причина повеќе ниту да се плашам, ни од Ѓорѓи Спасов ни од Бранко Црвенковски, ни од Љубчо Георгиевски, ниту од Борис  Трајковски. Ќе заврши сето ова, после сите ќе се жалиме, ќе кукаме на сопствениот гроб. Јас немора да бидам ниту пратеник, ниту министер, ниту ништо во политичката партија моја во која што сум, и од која немам намера да бегам. Јас останувам таму и докрај ќе се борам за тоа што влегов на почетокот од 1990 година. Тоа е целата филозофија. Благодарам.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас само да нема забуни кај останатите. Не е ништо направено, не е ништо пресечено. Во Охрид е потпишан договор кој што претставува исклучително изразување на политичка волја. Дали лидерите ќе обезбедат поддршка за реализација на нивна политичка волја во своите парламентарни групи, исклучително парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ тоа веќе зависи од нив. Меѓутоа, ако таа политичка волја не биде почитувана, тогаш сигурно ќе се постави на дневен ред прашањето на легитимноста на лидерите и нивното право да учествуваат во такви разговори без елемектарен легитимитет и поддршка во сопствените партии и парламентарни групи. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Бидејќи партијата е спомната, се повикувам на правото на реплика кое што така често и така практично го користеа пратениците на СДСМ.

Мислам дека на сите нас ни е јасно дека референдум е коректен и во интерес на македонскиот народ, и јас сакам да му заблагодарам на господинот Спасов што вака исцрпно е против референдум и реплицирам за да му дадам можност уште два три пати да позборува против референдумот, мислам дека тоа убаво ќе го легитимира. Се надевам дека македонскиот народ гледа, па да му дадеме можност да се истакне уште неколку пати, оти јас сум одушевен од тоа како тој зборува и се надевам дека сите други пратеници на СДСМ кои што вака безпоговорно го поддржуваат господинот Бранко Црвенковски, ќе земат и реплика, и ќе зборуваат против референдумот, што би се рекло од јутра па до сутра. Да ги видиме сите убаво кој на кој став стои. Ова е одлична позиција. Ние зборевме за македонско национално единство, господинот Ѓорѓи Спасов најде реторички вака конструкции да го оспори. Во ред, тоа е ваше право. Меѓутоа, знаете како. Неможете вие да ни приговарате на нас како партија господине Ѓорѓи Спасов за легитимитет и за неинформираност кога сите ние знаеме и македонската јавност добро знае дека вие кај вас уценувате и ги ставате пред свршен чин сите пратеници, секој кој ќе биде против Рамковниот договор или за референдум дека ќе биде исклучен од

вашата партија. Тоа се општо познати работи. Вашите пратеници се жалат. Не се жалиме ние. Значи ако веќе решите да реплицирате, да ми одговорите зошто и на кој начин ќе ги бркате пратениците и на тој начин ли постигнувате консензус како партија во овие многу значајни прашања за македонскиот народ. А јас ќе ви кажам зошто па мислам дека некој од вас се толку вознесени во овие напади на ВМРО-ДПМНЕ и во ова фаќање за сламка и последен...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Филипе држте се за репликата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Па, реплицирам. Да, реплицирам. Господине потпретседателе реплицирам.

Поминаа ли 5 минути? Јас мислам дека не поминаа. Имам уште една работа што сакам да ја кажам во репликата. Сите вие што сте толку опиени и вознесени, всушност сте влетани во операција за спаснување на господинот Црвенковски. Оти тој јасно со неговите коалициони парнтери Џафери и Имери рече дека нема да има референдум или ќе ја напушти власта, односно Владата. И затоа вие сите сега сте боси во трње барем тие што се убедени дека нема да бидат исклучени, дека немате потреба на тој начин да се убедувате де бидете против овие иницијативи, против македонскиот народ, вие всушност сте во таа сложена операција за спасување на вашиот лидер кој што едноставно ќе остане сам, доколку се усвои референдумот или доколку било што се промени од Рамковниот договор. Е сега за да ви кажам дека таа операција е сложена, за наредната реплика ви чувам некои вака пикантерии, ќе повикам да ме прозивата, да ми дадете уште еднаш можност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас немам обичај да му реплицирам на господинот Петровски, досега не сум го првел тоа, меѓутоа ќе ми дозволите заради неколку невистини само да кажам нешто.

Првата работа, Социјалдемократскиот сојуз изнесе мислење зошто не е добро да се спроведе референдум по ова прашање. И рековме каков ќе биде нашиот став. Меѓутоа Социјалдемократскиот сојуз не е единствениот одговорен чинител во оваа земја. Многу поголема одговорност за состојбите во оваа земја има пратеничката група која речиси е двојно поголема во овој Парламент и таа доколу е убедена дека ова треба да се направи може тоа да го изгласа. Според тоа со изгласувњето на референдумот ќе ја понесе и одговорноста за она што тој ќе произведе во Република Македонија. Оттаму ние воопшто не ги убедуваме тие да го сменат сопственото мислење за референдумот. Напротив, ако сметаат дека е тоа најдоброто нешто што овој момент можат да го сторат за Македонија го имаат механизмот на гласање, имаат доволно гласови на поддршка кој што може да ги обезбедат во овој Парламент и нека пристапат по таа операција која ќе ја реализира нивната политичка волја. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госопдин Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитувана господо, мене навистина ми е жал што оваа добронамерна иницијатива предизвика волку кавга, волку навреди, посебно кај пратениците македонци кои што навистина тешко дека ќе можеме ова сето пред народот да го санираме. Ние овој предлог не го дадовме за кавга, не го дадовме овој предлог за раскол меѓу нас, не го дадовме овој предлог за отпочнување на воени дејствија во Република Македонија. Тие веќе се случуваа во Република Македонија, но оваа инцијатива ја дадовме како сопствен допринос да го вклучиме народот во овој процес и на најдиректен начин народот да учествува во имплементацијата на Рамковниот договор кој што вие господо од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ПДП, ДПА го потпишавте односно го усогласивте во Охрид и го потпишавте во Скопје. Уште еднаш би рекол дека навистина ми е жал што пратениците од ДПА, ПДП не се присутни во салата што навистина на ваква седница ќе створи револт и кај останатите пратенички групи за понатамошниот тек на седницата.

Дали иницијативата за референдум е задоцнета. Нова демократија на седницата кога требаше да се утврдува дневниот ред на која за прва точка беше предложена иницијатива за уставни промени, региравме од место за да можеме да дадеме дополнување на дневниот ред и како втора точка да ја вметнеме, бидејќи првата беше единствена, како втора точка да ја вметнеме односно да ја предложиме а пратениците доколку ја усвојат да биде иницијативата за референдум. Сакајќи или несакајќи, намерно или ненамерно, господинот претседател на Собранието, господинот Андов не го прифати, не го примети наводно тоа и отпадна нашата можност за

предлагање на ваквата иницијатива. Веднаш истиот ден во писмена форма се побара итна седница на која што ќе биде ставена оваа точка на дневен ред.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:** (продолжение)

Мене ми е жал што морам на некои работи да реплицирам. Ми беше речено дека Нова Демократија е со стари идеи.

Почитувана господо, доколку кон формулацијата референдум подразбирате само референдум за селска чешма, референдум умеевте да предложите и да усвоиме ние, граѓаните за изградба на спортска сала, на пат и на незнам што. Значи, да го вклучиме нашиот народ да се одлучи од сопствените средства да издвоиме или да не издвоиме, а сега, одеднаш велиме дека не треба народот да се вклучи да одлучува за неговата судбина. Нема сила што би ме убедила дека треба да гласа за бришење на македонскиот народ од преамбулата и од Уставот на Република Македонија. Мислам дека ниту е закана, ниту е условување, тоа е мое мислење, тоа е мој став, тоа е став на Нова демократија, стравот од манипулации, дали ќе се случат при евентуалното референдумско изјаснување на граѓаните на Република Македонија, не треба да се плашите. Вие сте во Владата на Република Македонија, СДСМ, ВМРО, ПДП, ДПА, вие ќе го организирате овој референдум и мислам дека, ако некој треба да се плаши дасли овој референдум ќе биде успешен или не, тоа сме ние кои не учествуваме во оваа власт, можеме да се плашиме од манипулација, слична на онаа од 1994 година во изборите.

Зошто уште еднаш сум убеден дека треба да се оди на референдум? Бидејќи не е веќе состојбата што ја имаше СДСМ и ВМРО и ПДП и ДПА иста поддршка кај народот на Република Македонија. Ако сакаме да ги земеме за пример последните избори во општината Центар, двете изборни единици во кои што на гласањето излегоа само 12% од граѓаните на овие општини или во другата 17%. Се извинувам, нека биде и 20. Сосема добар показател за состојбите и рејтингот на оваа партија.

Со оглед дека и анкетите што од одредени куќи беа правени, рејтингот заедно на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ е некаде 27% од граѓаните што би значело и ако се додадат ДПА и ПДП, ни случајно нема да се дојде над 51% од граѓаните. Значи, полека, но сигурно се движиме кон не само дека формално го имаме мандатот, меѓутоа, полека вербата кај народот ја губиме, а со тоа фактички ја немаме поддршката кај народот и за ова прашање ние да одлучиме во името на сите нив. Не би должел, благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Спомнав дека Нова демократија нуди стари идеи, меѓудругото затоа што според мене кога пратеници на ДА ќе ни се претставуваат како пратеници на Нова демократија, за мене тоа е веќе стара идеа.

И, втората работа, се прашувам на овие луѓе кои оддеднаш станаа толку демократични, каде беше нивната свест и зошто не побараа референдум за едно такво прашање какво што беше признавањето на Тајван и раскинувањето на дипломатските односи со Кина?

И, последното прашање, во поглед на загриженоста на г-динот Чедо Петров за рејтингот на големите политички партии во Македонија. Рејтингот на неговата партија, што се нарекува Нова демократија, според истражувањето на четири независни институти во земјата е 0,1%.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Чедо Петров.

Дали ќе треба да расправаме сега за реитинг на партиите или ќе расправаме за иницијативата за референдум?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Мене навистина ми е жал, тема на оваа седница не е СДСМ и Нова демократија. Предмет на разговор, односно тема на оваа седница е одлуката односно расправата за иницијативата за референдум. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Љупчо Анушев бара реплика.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас се извинувам г-дине потпретседателе, и, навистина не мислев да реплицирам, да се вовлекувам во вакви дискусии, циркузи на вакво ниво, меѓутоа, морам на г-динот Спасов да му кажам една работа.

Неговата партија и тој заедно еднаш му се извинија на овој народ за ароганција и самобендисаност. Им требаше многу малку време да покажат дека се повторно такви, какви што се, затоа што волкот не го менува влакното.

Повторно, сега истото го прават. Не убедуваат дека белото е црно. Инаку, јасно ни е зошто се плашат од референдум. Неколку пати во нашата историја имаше можност народот да се изјасни и беа собрани 150 илјади потписи. Се бараше референдум

и за лажните и за гласањата што беа наместени во нивен период.  Меѓутоа, секогаш беа против тој референдум како што се и сега против референдумот, затоа што се плашат од гласот на народот.

Јас го молам, во ваква ситуација да не го спомнуваат Тајван, за да не им ја споменам јас Кина и зашто Кина ја внесуваат со Линк-Телеком, и што направија сега со Кина додека беше претседател на Советот за безбедност и зошто сега УНПРЕДЕП не им дојде, бидејќи го викнаа УНПРЕДЕП откако го викнаа НАТО и да не носат такви дискусии далеку, јас го молам да се задржи на дневниот ред. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има због г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Инаку, само да ви кажам дека сум јас во моментов пријавен за дискусија,  односно сум на ред и бидејќи се подготвував за дискусија, точно 60 минути чекам да добијам збор. И причина, јас тука се согласувам единствено со г-динот Спасов зошто треба да го смениме Уставот, може би е токму ова право, еден час, човек пријавен за дискусија да има помалку права од било кој тука кој ќе дигне рака и ќе рече јас се пронајдов во дискусијата и имам право на реплика. Рамно 60 минути чекам и господинот Спасов реплицира те со овој, те со оној.

Би сакал да кажам, она зошто излегов на говорница. Имено, се работи за следното. Јас имам дискусија. Јас за дискусија сум пријавен кога бев пријавен, кога беше тоа, пред недела дена кога почна точкава за референдумот имав  замислена дискусија која што мислев да ја кажам, но одкога поминаа сега незнам колку веќе дали недела дена, дали 10 дена, некои работи се разводенети и некои работи беа веќе кажани од претходните дискутанти, како што мојата намера беше чисто да излезам или од место да кажам како ќе гласам, дека ќе ја поддржам точката, овој предлог за референдумско изјаснување на народот и ништо повеќе. Претходниот дискутант и мене исто така ме испровоцира, па би сакал да кажам неколку работи. Ќе бидам краток. Во интерес на тоа што се сложувам исто и по втора работа со господинот Спасов, а тоа е дека времето како што е поставена точката за референдум е малку во судир со тековните активност кои што се вклучуваат во Собранието. Имено, ние разговараме за отворање на уставни промени, првата фаза ја поминавме, втората фаза ја поминавме. Веќе ни бега времето малку и тоа е лошо. Но, сепак како пратеник не гледам причина зошто јас, после тоа правници има, па ќе го испеглаат во државата, бива, небива. Јас како пратеник сум должен тука да ја пренесам волјата на народот, а таа кажува дека треба да се прифати и ќе кажам зошто. Во исто време сум пријавен и за дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаме други процедурални забелешки.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Господине потпретседателе една мала реплика на излагањето на претходниот дискутант на г-динот Спасов. Пред да ја кажам репликата сакам да ја прочитам изјавата од претседавачот на ЕУ, во Скопје од мај месец. Еден од последните пасуси "дозволете да  и повториме  на тн., ОНА, нема место за вас на преговарачката маса. Доколку било кога сте се сомневале во врска со пораките од Меѓународната заедница сега не треба да имате никаков сомнеж" и основната порака е: заминете, одете си. Изјава од претседавачот на ЕУ, во Скопје. Овде беше кажано, ќе се обидам да цитирам дека, ако се усвои предлогот на Нова демократија за референдумсмко изјаснување на граѓаните на РМ, во врска со измените на Уставот, дека се блокира мировниот процес и беше кажано: повторно да не вовлечете во војна. Веројатно се мислеше на спротивната страна. Неколку пати од оваа говорница досега искажував дека јас би бил најсреќен  доколку тоа така е. Меѓутоа, мислам дека таа теза за жал не е точна и дека причините за војната во Македонија за жал се многу подлабоки, многу подлабоки и се во еден контекст на тенденцијата на албанците на балканот да ги реализираат своите големи идеи. Мене ми е жал што морам да реплицирам, без намера некого да предизвикам на некаква чудна реплика. Сакам да укажам дека војната ја започнаа други и за жал војната во Македонија е сега во една замрзната фаза, но Македонија сеуште е во војна. Сметам дека овие тези не држат и воопшто немаат основа.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас се обидувам да направам реплики затоа што мислам дека всушност оваа дебата е веќе и дел од јавната расправа. Така што граѓаните кои што сега седат покрај телевизиските екрани меѓу другото, навистина ќе можат да учествуваат покомпетентно во врска со сето ова што се случува, затоа што г-динот Пранговски, токму засегна едно прашање кое многу често беше споменувано во досегашните

расправи. Тоа е дека јас сум рекол дека доколку ние го прекинеме овој процес на имплементација на мировниот договор во Македонија со идејата за референдумот, за кој што се знае дека може да се одржи најрано 60 дена по донесувањето на одлуката, а најдоцна 90 дена, тоа значи некаде дури и кон крајот на јануари дека на тој начин всушност, нема било каква опасност за обновување на војната во Македонија со оглед на тоа што ОНА е веќе разоружана,

дека таа до крајот на овој месец ќе биде на некој начин и расформирана и ние сега без било какви проблеми можеме со нашиот дел од обврските во имплементацијата на Договорот да се однесувам е како што ние ќе посакаме се додека постојат луѓе кои што мислат дека ние низ овој процес можеме да се однесуваме, да не кажам, не фер, или како измамници и дека НАТО си ги завршил обврските во Македонија и дека нема да му биде гајле дали оние што го потпишале Договорот ќе го исполнат нивниот дел од обврските и дека сега со еден практично ваков чин ние можеме да си дозволиме да имаме една комоција дека всушност и ништо од тој рамковен договор понатаму да не прифатиме. Тогаш, верувајте дека се ако ништо повеќе на лош пат. Зошто го велам ова? За разлика од некои други држави пак ќе споменам на бившиот простор Југославија, Македонија, сакаше да покаже една работа. Дека учествува во процес на политички дијалог со многу сериозни политичари, со политичари кои што имаат мандат да разговараат за некои работи, со политичари кои што држат до својот збор и кои што се способни да ја понесат одговорноста доколку не бидат способни да го исполнат сопствениот збор. Оттаму, јас реков, дека тоа е изразена политичка волја, а прашање е веќе на оние што учествувале во таквиот политички договор со каков мандат учествувале и каква е нивната сила, реално тоа да го реализираат. Меѓутоа, да не и се лутат на другата страна ако тогаш им кажа дека разговарала без мандат, дека се однела практично измамнички во една таква ситуација и дека сега не сака да го исполни својот дел од обврските што го превзел во еден доста компликуван процес на решавање на конфликт кој што го имавме во Македонија. Само тоа како појаснување, а не да се интерпретира тоа дека како некаква закана дека некој повторно ќе ги обнови овие и дека некој го ставил на преговарачката маса. Мислам дека тоа се лоши интерпретации на она што реално може да и се случи на Македонија. Македонија мора да покаже политичка зрелоист заедно со сите лидери на политички партии и со сите оние кои што добиваат мандат да разговараат за така сериозни политички прашања како што беше решавањето на конфликтот со кој што бевме соочени.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се јавувам за процедурално и за реплика, двете во пет минути.

Прво, г-дине потпретседателе, сакам една кратка реплика на пратеничката група на ДА која ни реплицираше во име на групата. Прво, ќе бев посреќен климата во салава да беше добро изведена за да не се смрзнуваме, или да не се потиме цело време, туку да биде оптимална за да можеме да работиме. Меѓутоа, би сакал да упатам до ДА апел да размислат и тие за некои свои грешки за кои гледаме дека до ден денес не можат да извлечат соодветни поуки, па само ги повторуваат.

Инаку, она што сакам процедурално да ви го замерам вас е следново:

Прво, во оваа сала има пратеници кои спротивно на Деловникот добиваат збор за реплика кога сакаат. Јас само ќе потсетам а мислам дека пратеникот и ќе се препознае веројатно самиот себе си дека ако претстојува десет часа во салава, два часа реплицира на другите, а останатите осум часа дофрлува од место на тие што дебатираат. Буквално десет часа дискутира. И тоа ви го замерувам вас што не го опоменувате тој пратеник што веројатно ќе се препознае.

Втората забелешка сакам да ја доставам во вид на процедурална забелешка дека оние кои се предлагачи на материјалот денеска би требало да бидат континуирано во салата како предлагачи, а не да излегуваат и да влегуваат цело време.

И третата забелешка што сакам да ја доставам до Вас и до сите оние кои гледаме дека многу цврсто се бранат до Уставот на Република Македонија. Сега јас се повикувам на Уставот на Република Македонија до Вас директно врз основа на член 65 Собранието работи кога присуствуваат мнозинство пратеници во Собранието. Морам да констатирам дека во овој момент две пратенички групи ги нема целосно, уште три четири пратенички групи составени по два до три пратеници ги нема целосно СДСМ е со 52, 53% присутно, ВМРО-ДПМНЕ мислам дека отсуствуваат 30 и нешто пратеници во саслата. И она што сакам сега од вас дас го побарам процедурално врз основа на сето ова е да

оцените дали има услови за работа и ако нема да го примените Уставот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас се извинувам, но морам да одговорам г-дине потпретседателе, колеги и колешки пратеници има една работа овде што неколку пати и тоа е дел на таа ароганција што ја спомнавме СДСМ, се спомнува климатизацијата. Овде има стручњаци за таа работа. Климатизацијата што е направена во собранието ги задоволува сите параметри на проектанското решение. А, на некои колеги бидејќи им е претопло од темите што ги наметнуваат, тоа е друго.

И уште нешто сакам да им кажам. Еден колега на Никола, Никола, не си ме испровоцирал, ако си споменал, затоа да не се секираш, не сум јас Амбди Бајрам. Ова ми направи услуга да му одговорам на Љупчо Поповски. Во една неврзана телевизиска емисија исто неговиот колега дискутира за климатизација, а нема врска што е климатизација. Незнам зошто не дискутира за лековите на вујко му, осум години што правеше со тие лекови. Ако е фер, нека почне за тоа да зборува. А еве ви пример вашата консензуална демократија како функционира. На албанците не им се допаѓа нешто, ги нема. А сега пак можеме нешто да изгласаме. А утре кога ќе поминат овие рамковни договори ако ги усвоиме вака како што не убедувате сесрдно нема да решиме ништо од проблемите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Двете прашања што ги постави колегата Поповски се завршија. Третото, јас не можам да ги држам пратениците да седат на едно место, излегуваат, влегуваат. Точно е дека во овој момент немаме кворум. Во салата се присутни 52 пратенници.

Ја ја прекинувам седницата и ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,35 часот.)